ОСНОВНИ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАДАЧИ | ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ПОЛСКА | УЛОГАТА НА СИЛАТА | TAI – „AGUSTAWESTLAND T129“

# ШТИТ

Број 128
Јуни 2020

ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

## Пригодно одбележан 20 Мај – **Денот на Логистичката база**



# Командата на Бригад ќе блесне во пол



Бригадата на Југоисточна Европа (SEEBRIG) претставува најзначаен и најкомплексен проект во регионалната Иницијатива за соработка на министрите за одбрана на Југоисточна Европа (SEDM). Формирана е во 1999 година со потпишување на Договор од страна на министрите за одбрана на 26 септември 1998 во Скопје. Командата на SEEBRIG ќе биде сместена во објект во касарната „Боро Менков“ во Куманово,кој за таа цел се реновира. Објектот со автентичен изглед кој секогаш го привлекува вниманието при посета на касараната, наредните шест години ќе биде дом за претставници од шест земји членки на Командата. Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, изврши увид во активностите и им честиташе на припадниците на Армијата и на Министерството за одбрана кои, и покрај состојбата со вирусот COVID-19 не дозволија да замре процесот на реконструкција на објектот.

Објектот е сместен пред пистата на која Армијата се презентира пред граѓаните. Зградата која се реновира ќе биде центар на регионалните иницијативи и на регионалната соработка во која се обединети шест земји членки. „Од септември годинава, Република Северна Македонија станува домаќин на оваа бригада која е една од најсилните регионални иницијативи и шест години ќе бидеме домаќин на целата оваа команда, каде што очекуваме околу 40 припадници на вооружените сили на земјите членки, а дополнително и повеќе од десет наши припадници коишто ќе станат дел од штабот, односно од Командата на Бригадата“, изјави министерката. „И во овој момент сите земји членки, се веќе членки на НАТО, така што во годината кога станавме земја членка на НАТО, стануваме и домаќин на оваа важна регионална иницијатива и очекуваме сите подготовки за командата да бидат завршени уште во месец јуни, за да

# ата на ЈИЕ
# н сјај



можеме да го официјализираме почетокот на нашиот мандат како домаќин  на Командата на SEEBRIG“. Откако ќе си замине Командата, реконструираниот објект останува во сопственост на  Армијата. Нема да се интервенира ниту во фасадата, ќе се задржи нејзината автентичност и убавина. Реконструкцијата ќе ги задоволи високите стандарди. Реконструкција и опремување на објектот ќе опфати градежен, машински дел, електроинсталации, водовод и канализација.

Улогата на домаќин на Командата на SEEBRIG претставува дополнителен доказ за постигнатиот степен на интероперабилност на нашата Армија со останатите армии членки на Бригадата, а воедно, тоа ќе ја претставува нашата подготвеност да обезбедиме успешно функционирање на ваква мултинационална единица.  Фактот дека Република Северна Македонија ќе биде домаќин на Командата на Мултинационалната бригада, почнувајќи од годината кога државата станува членка на НАТО, е уште еден доказ дека нашата Армија е рамноправен партнер со многу поголемите армии во НАТО. Воедно, тоа подразбира дека може соодветно да одговори на модерните безбедносни предизвици.

Александра Максимовска







# содржина

ШТИТ ■ година XII ■ број 128 ■ јуни 2020


Инфо 5

НАТО активности
**Основни безбедносни задачи** 6

24 часа
**Пригодно одбележан 20 Мај – Денот на Логистичката база** 8

Инфо
**Презентација на родовата перспектива во Министерството за одбрана и во Армијата** 9

НАТО армии
**Вооружените сили на Полска** 12

На прва линија
**INF договорот повторно во безбедносните агенди** 16

Едукација
**Улогата на силата** 20

Вооружување
**Фински оклопен транспортер „XA-180“** 32

Вооружување
**TAI – „AgustaWestland T129“** 34

Вооружување
**Турско оклопно борбено возило-гасеничар „ACV-19“** 36

Опрема
**Воено свирче** 40

Глобал
**Опасноста од џихадизмот за време на COVID-19** 48

Незадолжително
**Коронарен свет** 52

Филм
**„Операција финале“** 56

# Небо без граници

Последниот петок од месец мај бевме сведоци на еден убав настан со пријателски гест. На небото над нашата држава, во чест на нејзиниот прием во најголемиот и најмоќен воено-политички сојуз – НАТО, и како доказ дека сме дел од исто јато на небо без граници и ограничувања, прелетаа сојузничките авиони од американските и од грчките воздухопловни сили. Сите имавме несекојдневна можност да го проследиме нискиот прелет на двата воени воздухоплови на САД, придружувани од четири авиони на военото воздухопловство на Република Грција над главниот град. Министерката за одбрана, во придружба на полковникот Валентин Иваноски, раководител на Секторот на воен воздухопловен авторитет при Министерството за одбрана и амбасадорката на САД Кејт Мари Брнз, го следеа настанот пред Владата на Република Северна Македонија. „Република Северна Македонија стана 30. членка на НАТО Алијансата после речиси триесетгодишни напори. За жал, немавме можност среде пандемијата на Корона-вирусот да го прославиме нашето членство, но денешниот настан, заедничката координирана акција на нашата армија, заедно со НАТО командите, заедно со воздухопловните сили на САД, покажува дека интеграцијата не е само политичка, туку е реална, воена и одбранбена. 'Ние сме НАТО' веќе не е парола, туку навистина е реалност којашто ја унапреди и стабилноста но и шансите на економски раст на нашата држава", рече министерката за одбрана Радмила Шекеринска.
Полковникот Валентин Иваноски за јавноста појасни дека прелетот е сложена воздухопловна операција на воздухопловните сили на НАТО Алијансата со учество на два воздухоплови од САД и 4 авиони „Ф16" од грчкото воено воздухопловство. „Летот е комплетно организиран од командата на силите за Европа и воден преку воздухопловните оперативни центри каде е вклучен и нашиот нов воздухопловен оперативен центар, каде што сите летови и координацијата се извршени преку системот за контрола на воздушниот систем", појасни полковникот Ивановски .
Амбасадорката на САД, Кејт Мари Брнз, во својата изјава рече дека денешниот прелет е израз на трајната поддршка на САД за Република Северна Македонија, но и гест за добредојде како 30. членка на НАТО. „Иако нашата заедничка борба против вирусот во изминатиот период преовладува во медиумите, тоа не треба да спречи да го видиме историското достигнување на земјава – членството во НАТО и добивање на зелено светло за старт на пристапните разговори со ЕУ", рече амбасадорката.
Во минатиот број на „Штит" се осврнавме на придобивките од нашето членство во НАТО, во однос на поддршката во справување со пандемијата од Covid-19, и дека како членка на НАТО имаме можност да ги користиме заедничките механизми за брза интервенција во кризни состојби во справување со пандемијата, дека сме во постојана координација и контакт со другите земји членки и ја добиваме потребната материјална помош во медицинска опрема и средства неопходни за справување со пандемијата.
Во овој број сакаме преку овој настан да ја потенцираме светлата страна на сојузништвото, интегрираните активности, споделувањето на убави настани, заедничките чествувања и пријателството.

д-р Жанет Ристоска


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ"
ДООЕЛ Скопје






ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот



„Орце Николов" 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Успешна воено-цивилна соработка

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска и градоначалникот на Неготино Тони Делков извршија увид во изградбата на патот помеѓу селото и полигонот Криволак и Пепелиште во должина од 6 километри, при што министерката Шекеринска во изјава за медиумите потенцираше дека изградбата на овој пат е доказ за успешен проект на воено-цивилна соработка. „Минатата година најавивме дека со средства на Министерството за одбрана ќе обезбедиме пари за општината Неготино, со цел општината да може да инвестира во подобра патна инфраструктура која ќе го поврзе и полигонот „Криволак“ со селото Криволак, но и селото Криволак



со Пепелиште. Знам дека многумина во овие населени места не веруваа дека од зборови ќе преминеме на дела, меѓутоа денеска сме тука да покажеме дека тоа што го ветивме минатата година се реализира и ќе биде готово во следните неколку месеци“, рече министерката. Министерката Шекеринска посочи дека овојпат ја подобрува инфраструктурата за Армијата, но пред сè сето ова претставува шанса за граѓаните од околните населени места да живеат во подобри услови и да бидат подобро поврзани. Министерката додаде дека токму членството во НАТО значи повисоки стандарди во секој дел од работата, вклучувајќи ја и цивилно-воената соработка. Ние сметаме на развој на капацитетите на Криволак, рече министерката, и додаде дека секој пат кога ќе се организира голем настан како минатогодишната голема воена вежба во Криволак, ќе се мисли и за локалното население, и за локалната заедница и за локалната инфраструктура. Развојот на армискиот полигон „Криволак“ како НАТО ресурс ќе биде од корист и за жителите од оваа област. „На ваков начин, на сите граѓани во Неготино и во Неготинско ќе им покажеме дека нивна предност е што го имаат полигонот Криволак и дека можат да сметаат на поддршката на Армијата и на поддршката којашто ние ја добиваме од НАТО“, заклучи министерката. Градоначалникот на општината Неготино, Тони Делков, посочи дека овој пат има суштинско значење за Армијата и дека со овој пат од 6 километри решаваме клучен проблем, како за граѓаните така и за Министерството за одбрана.

# НГШ учествуваше како полноправен член на 183. заседание на ВК на НАТО

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, за првпат како полноправен член, учествуваше на 183. редовно заседание на Воениот комитет (ВК) на НАТО. На заседанието, кое се одржа по пат на телеконференциска врска, началниците на генералштабови на армиите на сите членки, во согласност со агендата, разговарале за тековните операции, мисии, активности и оперативните заложби за градење на стабилност и зајакнување на партнерствата. Претседавачот на ВК, воздухопловниот маршал, Сер Стјуарт Пич, во својот воведен говор, помеѓу останатото, го поздрави членството на Република Северна Македонија во НАТО и првото учество на генералот Ѓурчиновски на ова заседание како полноправен член на ова тело. Во воведниот дел свое обраќање имаше и генералниот секретар Јенс Столтенберг. Во своето обраќање генералот Ѓурчиновски ја повтори нашата заложба и целосна посветеност во соработка со сојузниците, за подобрување на безбедноста во регионот и глобално, овојпат како полноправна земја членка. Воедно беше искажана благодарност за поддршката за приемот во НАТО и за укажаната помош и асистенција од сојузниците при справувањето со актуелната глобална здравствена криза. На конференцијата, на која покрај началниците на генералштабови учествуваа и врховните команданти на сојузничките сили во Европа и на сојузничките сили за трансформација, генералите Тод Вотерс и Андре Ланата, на една од сесиите како актуелна тема се разговарало за улогата на НАТО во рамките на кризата предизвикана од вирусот „Ковид-19“ и на можностите за понатамошна поддршка на сојузниците кои искажуваат потреба за тоа. Началниците на генералштабовите, помеѓу останатото, разговарале и за НАТО мисиите, меѓу кои и за постојаната мисија за обука во Авганистан „Одлучна поддршка“, при што е разговарано и за достигнувањата во последните 19 години и за евентуалниот иден ангажман во Авганистан.







# Основни безбедносни задачи

Основната цел на НАТО е да ја брани слободата и безбедноста на сите свои членови со политички и воени средства, во согласност со Северноатлантскиот договор и принципите на Повелбата на Обединетите нации

Северноатлантскиот договор од април 1949 година, кој е правната и договорна основа за Алијансата, беше изграден врз основа на член 51 од Повелбата на Обединетите нации што го потврдува наследното право на независните држави за индивидуална или колективна одбрана. Како што вели преамбулата на Договорот, целта на сојузниците е да се „промовираат мирни и пријателски односи во Северноатлантската област“.

За да ги постигне своите основни цели како Алијанса на нации кои се обврзани со Вашингтонскиот договор и Повелбата на Обединетите нации, Алијансата ги врши и ги одржува следниве фундаментални безбедносни задачи:

– Безбедност: Да се обезбеди еден од незаменливите темели за стабилна евроатлантска безбедносна средина, заснована врз растежот на демократски институции и заложби за мирно разрешување на несогласувањата во кои ниту една земја нема да биде во можност да заплашува или приморува која било друга земја преку закана или употреба на сила. Неколку практични примери за забрани и ограничувања во оваа насока:

– Женевскиот протокол од 1925 година забранува употреба на хемиско и биолошко оружје. Земјите потписнички на Конвенцијата за биолошко и токсично оружје којашто стапи во сила во 1975 година се договорија да не развиваат, да не произведуваат, да не складираат или да не набавуваат биолошки агенси и слична опрема којашто се користи за непријателски цели.

– Конвенцијата за хемиско оружје која го забранува хемиското оружје, а за која се преговараше на Конференцијата за разоружување во периодот меѓу 1980 и 1992 година стапи во сила во 1997 година. Секој потписник на Конвенцијата се согласува дека нема да развива, да произведува, да набавува, да складира или да задржува хемиско оружје, дека нема да користи или да се подготвува за употреба на хемиско оружје и дека нема да им помага на други во дејности кои не се во согласност со одредбите од Конвенцијата. Конвенцијата, исто така, бара од земјите потиснички да го уништат целото хемиско оружје кое го поседуваат и да ги уништат нивните постројки за производство на хемиско оружје.

– Во 1998 година беше потпишан нов протокол на Конвенцијата од 1980 година за забрана и рестрикција на употребата на одредени видови на конвенционално оружје насловен како Протокол за забрана и рестрикција на употребата на мини, мини на изненадување и други

направи. Овој протокол стапи во сила во декември 1998 година. На 3 декември 1997 година во Отава беше потпишана Конвенција за забрана за употреба, складирање, производство и превоз на мини против жива сила и за нивно уништување. Конвенцијата стапи во сила на 1 март 1999 година.

– Консултации: да служи, како што е дадено во член 4 од Вашингтонскиот договор, како неопходен трансатлантски форум за сојузнички консултации по кое било прашање коешто ќе влијае врз нивните витални интереси, вклучувајќи го и можниот развој на настани кои претставуваат ризик за безбедноста на членките и за соодветна координација на нивните напори во областите од заеднички интерес.
– Одвраќање и одбрана: Да одвраќа и да брани од какви било закани со агресија насочени кон која било земја членка, како што е дадено во членовите 5 и 6 од Вашингтонскиот договор.
– Кризен менаџмент: Да се биде подготвен, за секој случај, поединечно и со консензус, во согласност со член 7 од Вашингтонскиот договор, да се придонесе за ефикасно спречување на конфликт и активно да се учествува во кризниот менаџмент, вклучувајќи ги операциите за одговор на кризи. Практиката и процедурите кои се потребни притоа, ги формираат одредбите на Алијансата за кризен менаџмент. Вежбите за тестирање и развивање на процедурите за кризен менаџмент се одржуваат редовно во соработка со националните центри и стратегиските команданти на НАТО. Исто така, ѝ се овозможуваат услови на Европската унија за спроведување на целиот спектар на хуманитарни и спасувачки задачи, на мировни задачи и на задачи за борбени сили во справување со криза, вклучително и одржување на мирот. Нивната улога би била преземање на воени операции предводени од Европската унија, како одговор на меѓународните кризи, во услови кога НАТО не е воено вклучена.
– Партнерство: Да се промовира широко партнерство, соработка и дијалог со други земји во Евроатлантската област, со цел да се зголеми транспарентноста, заемната доверба и способноста за заедничка акција со Алијансата. „Потписниците можат со едногласен договор да поканат да се приклучи кон Договорот, која било друга европска земја која е во позиција да ги унапреди принципите на овој Договор и да придонесе за безбедноста на Северноатлантската област. (…)”
– член 10 од Северноатлантскиот договор.

## Предизвици за НАТО

Сепак, на кој начин Алијансата гледа кон иднината и како ќе се справи со некои од најсериозните поместувања и закани кои се веќе на хоризонтот? Еве некои од најважните предизвици со кои НАТО се соочува или треба да се соочи во блиска иднина.

Европа конечно се разбуди од потребата сериозно да се третира одбраната. Буџетите за национална одбрана се зголемуваат во сите земји членки по децении на намалување. Сепак, повеќе од 30 години занемарување, на кое претходеше претпоставено потпирање на Соединетите Држави за време на Студената војна, не може да се поправи за само неколку години. НАТО реагира со конвенционални мерки на неконвенционалната книга за играње на Русија. Русија има ангажирано помалку конвенционални средства против сојузниците на НАТО, честопати опишани како „хибридни“ мерки. Овие мерки се движат од сајбер напади, дезинформации, до воени покажувања на сила во балтичките и северноатлантските региони.

Додека Русија се потпира на својата „дигитална“ книга, НАТО се придржува кон широко аналогниот пристап, како што се: планирање, командна структура, распоредување на војската и долги преговори. Во исто време се појавува Кина, која претставува нова, покомплексна закана. Пристапот на НАТО кон Кина е ограничен на мал дијалог со изјави за загриженост за милитаризација на Јужното Кинеско Море.

Драган Павловски








# Пригодно одбележан 20 Мај – **Денот на Логистичката база**

Припадниците на Логистичката база на Армијата на Република Северна Македонија со пригодна свеченост во касарната Илинден го одбележаа 20 Мај – Денот на единицата

Во услови кога Армијата е во поддршка на институциите при спречување на ширењето на светската пандемија COVID-19, припадниците на Логистичката база (ЛБ) во касарната „Илинден“ во Скопје, на пригоден начин и со почитување на мерките и препораките кои се применуваат при справување со пандемијата, го одбележаа 20 Мај – Денот на Логистичката база (ЛБ).

На одбележувањето на Денот на единицата присуствуваа началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, заменикот на началникот на Генералштабот, Азим Нуредин, директорот на Генералштабот, генерал-мајор Зоран Милески и командантите на Командата за операции и Командата за обука и доктрини.

Пред присутните и пред стројот на единицата се обрати командантот на ЛБ, полковник Мухарем Мухареми, кој најпрво им го честита Денот на единицата на сите припадници на Логистичката база и искажа признание за вложениот труд и за учеството во логистичката поддршка на единиците на Армијата при справувањето со најголемиот актуелен глобален здравствен предизвик со кој во моментов се соочуваме.

Полковник Мухареми, во говорот, покрај другото, се осврна и на предизвиците, на задачите, како и на претстојните активности кои може да ги очекуваме и во кои ќе учествуваме како нова 30-та полноправна членка на НАТО алијансата.

По повод Денот на единицата, на свеченоста беа прочитани честитки од Генералштабот на Армијата и беа соопштени стимулативни мерки на припадниците на единицата, за вложениот труд и за постигнатите резултати во изминатиот период.

Со упатените честитки до сите припадници по повод Денот на единицата, се заврши пригодната свеченост.

*Во пресрет на Денот на Логистичката база, на 12 и на 13 мај во Градската општа болница „8 Септември“ во Скопје, припадниците на Командата на Логистичката база, како и припадници од некои од единиците на Логистичката база, ја покажаа својата хуманост на дело, преку организирање на крводарителна акција. Во оваа организирана крводарителска акција од страна на крводарителите од Логистичката база на Армијата на Република Северна Македонија беа собрани 42 крвни единици од драгоцената течност.*

Зоран Василески





# Презентација на родовата перспектива во Министерството за одбрана и во Армијата

Претставници и претставнички од Работната група за имплементирање на родовата еднаквост и родовата перспектива во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија, предводени од координаторката на Работната група Катерина Ставреска, шефица на Кабинетот на министерката за одбрана, оствариja работна посета кај претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски. Целта на работната посета на Работната група беше преку сеопфатна презентација да го информираат претседателот и врховен командант на Армијата за унапредувањето на родовата перспектива во Министерството за одбрана и во Армијата, за родовата структура, за Националниот акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста, кaако и за политиките за еднакви можности. Презентерка на сработеното на овој план беше потполковник Билјана Николовска, која е назначена за офицер за родова еднаквост во Кабинетот на началникот на Генералштабот на Армијата. При презентацијата беше истакнато дека Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија работат на системски решенија за подобрување на родовата еднаквост и унапредување на правата на вработените. Претседателот беше запознаен со најзначајните активности во насока на унапредувањето на родовата перспектива во одбраната и

> Нормативното уредување и имплементацијата на родовата перспектива во одбраната е во согласност со политиките кои НАТО ги презема во однос на агендата за жените и безбедноста. Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија интензивно работат на системски решенија за подобрување на родовата еднаквост и имплементирање на родовата перспектива во одбраната



беше информиран за тоа дека целосното нормативно уредување и имплементацијата на родовата перспектива во одбраната е во согласност со политиките кои НАТО ги презема во однос на агендата за жените и безбедноста. Во Законот за служба во Армијата и Законот за одбрана се воведени родови компоненти, како и родова структура во Министерството и во Армијата, придонесувајќи кон зголемување на родовата сензитивност. Претседателот Пендаровски истакна дека еднаквите можности и инклузивните родови политики се обврска на сите политички чинители во општеството, како и на севкупната раководна структура во Министерството за одбрана и Армијата. Во таа насока, потребно е доследно спроведување на позитивните законски прописи, како и исполнување на обврските како членка на НАТО во чија армија мажите и жените се дел од воените и цивилните структури, како и дел од меѓународните операции и вежби. Претседателот додаде дека како одраз на поддршката на политиките за еднакви можности, во Кабинетот на претседателот за првпат е поставена аѓутантка, како и ангажирана советничка за прашања од областа на родовите политики и еднакви можности. Претседателот Пендаровски, исто така, истакна дека, покрај постигнатиот напредок, како општество треба да направиме уште крупни чекори за поголема родова еднаквост и инклузивни родови политики во различните сектори.



Разговор со

**Бујар Мемиши, професионален војник во Армијата на Република Северна Македонија**

# „Најмалку што можам да направам за мојата татковина“

Армијата на Република Северна Македонија од самото свое формирање е столбот на нашата државност и институција во која граѓаните имаат најголема доверба. Армијата од нејзиното формирање до денес докажала дека е дом на посветени припадници, кои и по цена на сопствениот живот го бранат суверенитетот и интегритетот на својата татковина и секогаш се подготвени да му помогнат на народот. Во текот на сите овие изминати години нашата татковина се соочи со повеќе предизвици во кои беше погодено и страдаше нејзиното население – природни непогоди во вид на пожари, поплави, снежни наноси, свлечишта. Во изминатиот период се соочувавме и со друг вид предизвици како што се мигрантската криза и оваа најновата криза со пандемијата од Covid-19.
Армијата учествуваше во акции за гасење на големите шумски пожари, учествуваше во справувањето со последиците од големите поплави, армиските хеликоптери успеваа да ја доставaт неопходната помош до отсечените завеани села, го изградија урнатиот мост во Пороj, ја обезбедуваат нашата јужна граница од напливот на мигранти и професионално и посветено помагаат во справувањето со опасниот вирус со кој денес се соочуваме. Ние, како гласило на Армијата, се трудиме да информираме за сите активности на Армијата и посебно сме горди кога пишуваме за поединечни примери кои сведочат дека татковината се сака, се чува и се брани од страна на нашите припадници, безрезервно и силно. Фејсбук статусот на војникот Бујар Мемиши, кој доколку треба да добие

Повод за овој текст беше статусот којшто го објави професионалниот војник Бујар Мемиши на социјалната мрежа Фејсбук. Бујар напишал дека доколку треба да добие парична награда за посебниот ангажман за време на пандемијата со Covid-19, тој доброволно ќе се откаже од наградата и ќе ја донира за справување со вирусот





11:19 90%

Search

Bujar Memishi

May 21 at 22:10

Јас Бујар Мемиши лично се откажувам од наградата што се бара за припадниците на #АРМИЈАТА...
#Армијата е нешто свето во мојот живот затоа што меѓу мене и #Армијата постои една Заклетва од 2015-та година.
Пожртвуваноста моја ја сваќам како најнормално затоа што во таа заклетва цитирам.. "ќе се борам за слобода и чест".
Во секоја природна катастрофа ние сме први како поплави, земјотреси и тк нт.
И #COVID19 е една о тие, пред кое и најголемите држави имаа голем предизвик.
Тие средства што се планирани за мене како припадник ако се усогласува да се доделат, Јас тие средства ги донирам на државата за справување со #COVID19.
ТОА Е НЕШТО НАЈМАЛКУ ШТО МОЖАМ ДА НАПРАВАМ ЗА МОЈАТА ТАТКОВИНА.
Со најголема почит Бујар Мемиши
21.05.2020 Скопје



награда за посебниот ангажман за време на пандемијата, доброволно ќе се откаже од неа со образложение дека тоа што го работи е негова должност и за тоа ја положил војничка заклетва со која се обврзува дека и по цена на сопствениот живот ќе ја брани и ќе ја чува државата и нејзиниот народ, навистина нè допре со својата искреност и јачина на зборовите и беше повод да го побараме Бујар и да поразговараме со него.

**Кој е Бујар Мемиши?**
**–** Јас сум професионален војник, припадник на Армијата на Република Северна Македонија. Роден сум во Скопје, во 1992 година, и имам завршено средно образование. Моментално сум на должност во Инженерискиот баталјон. Оженет сум и татко сум на едно дете.

**Од кога си во Армијата и кои беа мотивите да го одбереш токму војничкиот позив?**
**–** Во Армијата стапив на 18.07.2016 година. Се определив за служба во Армијата затоа што војничкиот позив за мене е професија која дава можност да се покаже хуманоста, патриотизмот, пожртвуваноста и да се придонесува за безбедноста на татковината.

**Кои беа твоите досегашни ангажмани во Армијата?**
**–** Мојата професионална кариера во Армијата започна во рамките на 3. механизиран пешадиски баталјон во касарната „Кузман Јосифовски-Питу" во Тетово. Уште на почетокот на мојата војничка кариера, на 6 август 2016 г. учествував во справувањето со поплавите во Стајковци. Во големите поплави кои го зафатија Скопскиот регион имаше и жртви и беа уништени многу материјални добра. Во с. Стајковци, а подоцна и во населбите Ченто и Инџиково, заедно со останатите припадници на Армијата им помагавме на луѓето кои беа погодени од елементарната непогода. Подоцна, бев ангажиран на јужната граница, каде Инженерискиот баталјон е со постојана задача за асистенција на МВР во справувањето со мигрантската криза. Учествував во изградбата на заштитната ограда со бринови елементи за обезбедување на јужната граница и во евидентирањето и канализирањето на мигрантите. Сите задачи ги извршувавме посветено и професионално, трудејќи се да помогнеме најмногу што можеме.

**Кои беа твоите професионални ангажмани за време на справувањето со пандемијата од Covid-19?**
**–** За време на прогласувањето на кризната состојба поради пандемијата од вирусот Covid-19, како припадник на Инженерискиот баталјон, бев директно вклучен на повеќе места за помош и асистенција на МВР. Учествував во обезбедување на северната граница во полициската станица „Танушевци" и во обезбедување на лица сместени во карантин во хотелот „Стоун Бриџ" во Скопје.

**Како твоето семејството гледа на твојата професионална определба и дали наоѓаш време да се посветиш на фамилијарните обврски?**
**–** Моето семејство ја разбира сериозноста на мојата професија. Иако понекогаш не сум во можност заради обврските на работа да присуствувам на некој празник или на некој роденден, секогаш имаат разбирање за мене и ме поддржуваат, а јас, кога сум слободен, тогаш целосно сум му посветен на моето семејство.

**Како граѓанин на Република Северна Македонија каде ја гледаш иднината на нашата држава?**
**–** Иднината на нашата држава ја гледам како дел од евроатлантските структури, во ЕУ и во НАТО. Од оваа година веќе сме полноправна членка на НАТО, што ја гарантира безбедноста на нашата држава и на регионот. За нас, припадниците на Армијата, тоа претставува чест и нов предизвик. Пред нас се многу заеднички меѓуармиски вежби на кои земјите членки на НАТО и нивните партнери ќе ги споделуваат своите воени вештини и знаења.

д-р Жанет Ристоска

# Вооружените сили на Полска



Полските вооружени сили (ВС) се состојат од: копнена војска, воено воздухопловство, воена морнарица, специјални сили и единици на територијалната одбрана (поделени во 4 воени окрузи). Претседателот на државата е и врховен командант на вооружените сили. Началникот на Генералштабот на ВС, воедно и советник на министерот за национална одбрана, е одговорен за: планирање на стратешкото распоредување на армијата; програмирање на долгорочниот развој на ВС; супервизија на оперативното планирање, мобилизацијата, борбената готовност, обуката и техничкиот развој на ВС; подготовки на Министерството за национална одбрана за функционирање во случај на закани по националната безбедност или за време на војна. Мисии на полските ВС се: одбрана на државата и исполнување на обврските кон Алијансата; придонес кон меѓународни процеси на стабилизација, хуманитарни и операции за одговор на кризи предводени од НАТО, ЕУ и ОН; поддршка на државните институции во спроведување на мерки за внатрешна безбедност.Под команда на Генералштабот се командите: за копнената воска, за територијалната одбрана, за воената морнарица, за военото воздухопловство, за специјални операции и за поддршка. Во состав на копнените сили се: 2 механизирани дивизии; 1 оклопна дивизија и 1 оклопна бригада; 1 воздушно-десантна бригада; 1 лесна пешадиска бригада; 1 мултинационална бригада; 3 извидувачки полка;1 ракетна бригада за противвоздушна одбрана (ПВО); 4







инженериски полка и 1 инженериска бригада; 2 полка АБХО; 1 бригада за поддршка; центри за обука; центар за комуникации и информатичка технологија.  Од вооружување користи: пешадиско вооружување: автоматски пушки 5,56мм Beryl 96, пушкомитралези 7,62мм UKM-2000P, снајперски пушки 7,62мм Bor и 12,7мм Tor, пиштоли Wist-94 (полуавтоматски) и 9мм PM-98, фрлачи на гранати 40мм GPBO-40 (рачен), Mk19 Mod 3 (автоматски); тенкови: Leopard (2A4 и 2A5) и PT-91 Twardy; оклопни транспортери: Rosomak и BRDM-2 Żbik (извидувачки); системи за ПВО: ракетни Grom и цевни 23мм ZU-4MP Biała и ZUR-2KG;  артилерија: минофрлачи 60мм LM-60M, 98мм M-98, хаубици 152мм Dana, 155мм (самоодни) Krab, ракетни системи Grom, WR 40 Langusta; противтенковски системи: Spike LR.
Военото воздухопловство се состои од: воздухопловни сили (2 воздухопловни бригади, 1 винг транспортна авијација и 1 винг за обука); бригада за ПВО и радиотехнички единици опремени со авиони: борбени Mig-29, повеќенаменски F-16 Block 52+, транспортни C-130E Hercules и Casa C-295M, извидувачки/патролни M-28 Bryza;хеликоптери: борбени Mi-24, транспортни Mi-17, извидувачки Mi-14, повеќенаменски W3W Sokół, PZL W-3 Głuszec, SW-4 Puszczyk и Kaman SH -2G (во воената морнарица).
Воената морнарица ја поддржува граничната полиција во заштитата на државата од море и учество во операции на барање и спасување. Одделни единици на морнарицата учествуваат и во сојузнички операции надвор од државата. Таа се состои од 2 флотили, патролни бродови, подморници, бригада на морнаричка авијација и центри за обука.
Специјалните сили се независни единици, опремени и подготвени за активности во мали состави и оспособени за водење неконвенционални борби, во средини со најголем ризик, на секаков терен и секакви климатски услови.
Единиците на територијалната одбрана се соодветни на заканите кои се однесуваат на Полска и на Алијансата. Се состојат од професионални војници и доброволци, кои ги надополнуваат националните ВС, со цел подобрување на националните одбранбени способности и заштита на локалните власти. Нивни задачи се: Спроведување воени операции за одвраќање на непријателска агресија; Координирање и спроведување на активности за управување со кризи со останатите елементи од системот за национална безбедност (министерства и агенции), со цел заштита и поддршка на локалното население; Обезбедување и координирање на поддршка во улога на земја домаќин (HNS), со цел овозможување на ефикасен прием и поставување на елементи на Алијансата во Полска; Противхибридно и асиметрично војување.
Генералната команда на ВС е подредена на министерот за национална одбрана и претставува здружена команда, одговорна за употреба на оперативните единици во мирно време, во време на кризи и во време на војна. Намената е за подготовка на силите и средствата и за спроведување на операции во согласност со плановите за употреба (подготвени од Оперативната команда на ВС), како и за реализација на воената соработка со НАТО и ЕУ. По насоки на Генералштабот, изготвува стандарди и ги дефинира потребните сили и способности за извршување на одредени задачи. Покрај тоа, учествува и во процесот на подготовка на планови за употреба на единици во рамките на одредени операции и управување со кризи. Во нејзина надлежност се спроведување на програмите за развој на ВС, мобилизациски развој на воените единици и обука на команден и штабен персонал и персонал од резерва. Таа се состои од: команда, штаб и инспекторати за: копнената војска, воената морнарица, воздухопловните сили, специјалните сили, за родовите на армијата и за обуката.

Полска е унитарна република, распространета на 312,700км2, со население од околу 38,5 милиони. Членка на НАТО е од 1999 година, а на Европската унија од 2004 година

Оперативната команда е одговорна за оперативна употреба на единиците и други не-воени елементи и состави, за време на здружени, мировни, спасувачки и хуманитарни операции, како и во антитерористички борбени дејства. За време на природни непогоди и несреќи, одговорна е за поддршка на државните и локалните органи. Таа планира, организира и спроведува вежби и ја оценува готовноста на силите и ресурсите декларирани за спроведување на одредени мисии и



Полските ВС учествуваат во меѓународни мисии од 1953 година. Со свои контингенти учествуваат во мисиите: MINURSO (Западна Сахара), MONUSCO (ДР Конго), UNAMA (Авганистан), UNMIK(Косово), UNMIL (Либерија), UNMISS (Јужен Судан) (UNMISS), UNOCI (Брегот на Слоновата Коска), KFOR (Косово) и Althea (Босна и Херцеговина). Испраќаат и свои контингенти во сојузничката поморска операција "Active Endeavour" на Средоземното Море и за надгледување на воздушниот простор (air-policing) на балтичките земји

задачи, дома и во странство. За време на војна, одговорна е и за формирање и подготовка на командното место на Врховната команда. Во мирно време, преку Центарот за воздухопловни операции и Центарот за поморски операции, командува со силите одредени за заштита на границите, како и за поддршка на поморските единици на граничната полиција.
Организациската структура на Оперативната команда вклучува три сектори: оперативен, за планирање и за поддршка.
Полската армија е целосно професионална од 2010 г. Бројот на персонал е во постојан раст, и тој од 97,000 во 2010 г. достигнал ниво од 118,000 во 2018 г. Во наредните години планиран е понатамошен раст, сè до ниво од 200,000.

Полска започнала со зголемување на воениот буџет, кој бележи пад од 2015 г. наваму. Во 2012 г. буџетот за одбрана изнесувал 8,7 милијарди американски долари (1,74% од бруто-домашниот производ – БДП). После нивото од 2,22% во 2015 г. и 1,89% во 2017 г., тој процент во 2018 г. изнесуваше 1,98% (12,1 милијарди американски долари). Во меѓуармиската соработка, Полска најактивно ги одржува односите со ВС на САД. Приоритет станува и зајакнувањето на воената соработка во регионот, особено со балтичките земји и со земјите од Вишеградската група, со зголемување на бројот на заеднички воени вежби, формирање на заеднички воени команди и единици и заедничка набавка на воена опрема. Продолжува и партнерството со Германија и Данска, особено во заедничкото учество во најголемиот корпусен штаб во регионот –Мултинационален корпус „Североисток". Организациската структура на корпусот се состои од: мултинационална команда (корпусен штаб), вклучувајќи го и мултинационалниот вод за комуникациски и информациски системи и командната чета (придонес на Полска); мултинационална команда на Бригадата за поддршка, во мирно време интегрирана со јадро во штабот на корпусот (во Г 6) и национални придонеси, утврдени со договор или ставени на располагање по принцип „од случај до случај". Корпусот е поддржан од Центарот за координација на воздухопловните операции (AOCC)



и поморскиот елемент за врски (MLC). Националните придонеси се поддржани од елементи за поддршка (NSE). Командата на корпусот се состои од: група за командување, оперативен штаб, штаб за планирање и штаб за поддршка. Негови мисии и задачи се: Придонес кон одвраќање на агресија, преку оддржување капацитети за распоредување и поддршка на НАТО операциите;Планирање, подготовки и спроведување операции за поддршка од мирот, хуманитарна поддршка и други операции, на и надвор од територијата на НАТО земјите; Обука на командата на корпусот и придодадените единици; Придонес со составот на командата кон мултинационалните операции за управување со кризи, вклучувајќи операции за поддршка на мирот, во рамките на ОН, НАТО или регионални договори.

командната структура на армијата, предвидено е гасење на Генералната команда и на Оперативната команда на ВС. Задачите од првата би требало да ги извршуваат командите на родови, а задачите од втората – новоформираниот Инспекторат за обука и командување, директно потчинет на Генералштабот. Планиран е и понатамошен развој на родовите: Во копнената војска: формирање на четвртата дивизија, подобрување на огнената моќ на артилеријата, набавка на нови оклопни борбени возила, нови тенкови од поновата генерација и нови системи за ПВО; Во воената морнарица: зголемување на огнената моќ на крајбрежните ракетни единици и набавка на подморници. Во военото воздухопловство: набавка на борбени авиони од понова генерација и хеликоптери (борбени, повеќенаменски, за барање и спасување и транспортни);

Piorun, Pilica, Soła/Bystra системи; модернизација на повеќенаменските и борбените авиони; зголемување на капацитетите за противтенковска борба на единиците; зголемување на капацитетите на воената морнарица; набавка на нов, автономен систем за командување и контрола, кој овозможува сеопфатна оперативна слика на боиштето, со цел подобрување на процесот на донесување на одлуки од страна на командантите; подобрување на капацитетите за сајбер-активности. Во подобрувањето на тактичките способности на единиците, предвидено е: вградување на беспилотни платформи за извидување во структурите на извидувачките елементи на тактичко ниво; примена на нови мерки за минирање во инженериските единици; подобрување на маскирањето на оперативно



Со плановите за развој на одбраната, Полска има амбиции до 2032 г. да има една од најмодерните и најбројни армии во Европа. За постигнување на оваа цел, процесот на модернизација на ВС се планира да биде проследен со постепено зголемување на процентот од БДП за одбраната. Од 1,98% во 2018 г. тој процент е проектиран на ниво од 2,2% во 2021 г. и до 2,5% најдоцна до 2030 година. За првпат по 30 години, до 2025 година., бројот на армискиот персонал (кој сега изнесува 118.000) треба да го надмине нивото од 200.000, вклучувајќи ја и територијалната одбрана. Соодветно на тоа, се наметнува потреба од нов систем за персонален менаџмент и создавање нова инфраструктура. Во рамките на

Во сајбер-одбраната: зголемување на капацитетите за сајбер-операции и нови мерки за информатичко војување. Со овие планови се предвидуваат голем број проекти, со кои армијата значително би ја подобрила својата „кондиција“ до 2032 година. Во рамките на модернизацијата на вооружувањето, планирано е: набавка на современа индивидуална опрема од типот Tytan; набавка на дополнителни артилериски и ракетни средства со поголем дострел (Lobster, Krab, Krill, Rak); набавка на нови борбени хеликоптери; подобрување на противвоздушната и противракетната одбрана со акцент на подобрени способности за самостојно дејствување на бојното поле, со набавка на Wisła, Narew, Poprad, Grom/

и тактичко ниво со развој на повеќекратни маскирни средства; преструктуирање на одделни логистички елементи на тактичко ниво. Во областа на истражувањата и развојот на капацитети, планирано е: развој на нова генерација на тенкови, во соработка со европски партнери; подобрување на дометот и прецизноста на артилеријата со модернизиран автономен систем за таргетирање; развој на платформа за беспилотни воздухопловни, поморски и копнени извидувачки средства; модернизација на радари и оптоелектроника; модернизација на комуникациските средства за командување и контрола за побрза размена на податоци, приспособен на условите на бојното поле.

М.С.

# INF договорот повторно во безбедносните агенди




Седумдесеттите години на XX век важеа за период во кој земјите од светот, особено оние од Источниот и од Западниот блок го уживаа периодот на "détente" во кој беа значително намалени тензиите на двата блока и дипломатијата ја играше својата значајна улога во решавање на евентуалните спорови транспарентно и по мирен пат. До овој момент светот посведочи и нуклеарна криза во соседството на САД - на територијата на Куба, неколку покренати и задушени бунтови против комунистичките режими во Источниот блок и различни доктрини од страна на западните лидери, за справување со антагонистичката политика на Советскиот Сојуз.
Она што го врати фокусот на НАТО повторно на активностите на СССР, беше распоредувањето на 200 парчиња на RSD-10 Pioneer или, како што се сретнува во НАТО документите, SS-20 Saber ракети на територијата на Источна Европа. Германскиот канцелар Хелмут Шмит укажа на потребата од НАТО одговор за овој безбедносен проблем, истакнувајќи два аспекти кои мора да ги земе предвид НАТО при решавањето: 1) фактот што во кој било дел на Европа да беа распоредени ракетните системи ќе можеа да дејствуваат на секој европски главен град, со оглед на тоа што цела Европа би била опфатена во радиус од 2300 километри; 2) со цел „воспоставување на нуклеарна рамнотежа" во Европа со распоредување на американски нуклеарни ракетни системи на територијата на Европа, со оглед на фактот што европските сили во тоа време не располагаа со толку напреден нуклеарен арсенал. Во врска со ова, претседателот на САД, Џими Картер, канцеларот на Германија Хелмут Шмит и премиерот





на Велика Британија Џим Калахан, предложија решение кое предвидуваше да се распоредат 464 GLCM (Ground Launch Cruise Missiles) и 108 Pershing 2 системи и тоа на територијата на Германија, Велика Британија, Холандија и Италија. За НАТО ова беше разумно и прифатливо од воен аспект, но дипломатски неиздржано, така што тогашните авторитети во декември 1979 година ја усвоија „Двонасочната одлука“ како дипломатска потпора на ова решение. Оваа одлука укажуваше на тоа дека овие моќни ракетни системи ќе бидат ставени во употреба до 1983 година, со што оставија простор Москва да ја промени својата одлука и да ги повлече распоредените нуклеарни ракетни системи.

Доаѓањето на Роналд Реган на власт во 1981 година како 40. претседател на САД, се покажа како особено корисен момент во оваа тензична ситуација и придонесе во почетокот на разврската на најголемата нуклеарна криза во историјата. Ргановата способност за дипломатија во врска со случајот за повлекувањето на советските ракетни системи придонесе на светско ниво за смирување на тензиите околу ова прашање, предложувајќи го својот „нула-нула принцип“ веднаш после неговото преземање на претседателскиот кабинет. Имено, станувааше збор за предлог кој предвидуваше НАТО да не ги ангажира своите „Pershing 2“ ракетни системи, под услов Советскиот Сојуз да ги уништи своите ракетни системи.

> INF договорот (Intermediate Nuclear Forces Treaty), како најважен сегмент од периодот на Студената војна, а воедно и како најмаркантен момент од аспект на завршување на блоковската трка по вооружување, после повеќе од триесет години повторно излезе на површина и ја потсети меѓународната јавност за неговата важна улога во одржувањето на светскиот мир

Иако оваа изјава на Реган беше дочекана со голема доза на неверување, сепак отвореноста за соработка на новиот генерален секретар на Комунистичката партија на Советскиот Сојуз, Михаил Горбачев, кој штотуку ја беше преземал функцијата во 1985 година, влеа доза на оптимизам кај светските политички авторитети, а особено кај оние во НАТО. Наскоро, на еден од состаноците помеѓу Горбачев и Реган во 1986 година стана збор за елиминирање на сите нуклеарни потенцијали до 2000 година на двете страни, што беше увертира за она што следеше во 1987 – конечното потпишување на фамозниот INF (Intermediate Nuclear Forces) договор помеѓу НАТО и СССР.

Овој договор, не само што ги елиминираше советските „SS-20“ и американските „Pershing 2“ системи, туку и советските „SS-4“ „SS-5“ и американските „Pershing 1“. Сето ова, изразено во бројки, резултира со тоа што Советите елиминираа околу 1,846 парчиња од овие системи, пропратено со повлекување на близу пола милион трупи од Источна Европа, додека, според договорот, САД се обврза да уништи 846 парчиња од своите ракетни системи, или 2,692 парчиња вкупно од двете страни. Сѐ до овој момент, историјата немаше забележано договор со ваква тежина кој обврзува на елиминација на цела една класа на најмодерното и најактуелното вооружување во тој период. Исто така, Горбачев и Реган успеаја да се согласат отворено да разменуваат информации, при што Советскиот Сојуз дозволи безбедни прелети на НАТО авиони над својата територија, со цел набљудување на повлекувањето и уништувањето на системите, а воедно и осигурување на едната и другата страна се придржува до одредбите од потпишаниот договор. Иако тогаш овој договор се сметаше за дотогаш невиден политички успех, сепак, од денешен аспект може да се заклучи дека практично овој историски договор официјално го означи почетокот на крајот на Студената војна.

Неколку децении потоа, во период кога светот го гледаше тероризмот и милитантниот исламизам како најголема закана по светската безбедност, во 2013 година администрацијата на Обама излезе со информација која мораше да го пренасочи вниманието од тероризмот, повторно на закана од нова нуклеарна криза. Имено, Вашингтон предочи можно непочитување на INF договорот од 1987 година од страна на Русија, врз основа на разузнавачките податоци кои укажуваа на тоа дека Русија распоредува SSC-8 (9M729 системот), на нејзината западна граница. Не требаше да помине долго време за ова да предизвика бранување на мислењата на меѓународната јавност и на политичките авторитети, до таа мера што ова беше дискутирано и на Самитот во Велс во 2014 година и на Самитот во Варшава во 2016 година, при што и во двата случаи преку јавно комунике Москва беше повикана да се наврати на почитување на одредбите од овој договор. Одговорот на Москва се движеше во насока на одрекување на овие обвиненија, за во 2017 година официјално да го признае постоењето на SSC-8 (9M729) ракетните системи, со објаснување дека тие не се косат со одредбите на договорот INF.






Во овој момент после повеќе од три децении, за нешто толку сериозно и опасно, за што се сметаше дека е надминато врз основа на договорената регулатива наречена Договор за нуклеарни сили со среден дострел (Intermediate Nuclear Forces Treaty), повторно се стави во прашање светската и европската безбедност од нуклеарен аспект



Ваквиот став очигледно не беше прифатлив ни за НАТО ни за САД, а како што покажа периодот кој следеше, секоја од земјите членки на Алијансата ја изрази својата загриженост во врска со ангажираните руски ракетни системи, при што отворено се согласија дека Русија ги прекршува одредбите од најзначајниот договор за вооружување во историјата. Ова претставуваше причина повеќе САД да размислува на соодветен одговор на актуелните случувања, при што во октомври 2018 година објави дека размислува да го прекине своето почитување на одредбите од договорот во рок од шест месеци според член 15 од Договорот, што остави доволно простор Москва да ги промени своите одлуки на оваа тема.

Русија го задржа својот одрекувачки став, при што во февруари 2019 година САД официјално потврди дека во рок од шест месеци ќе се повлече од почитување на обврските (кои ги потпиша Реган во 1987 година), пропишани во INF договорот, поради тоа што повеќе од јасно беше дека Русија успеа да развие, да продуцира, да тестира и да распореди „SSC-8“ системи кои се способни да пренесуваат нуклеарни боеви глави и не покажуваше никаква волја да преземе нешто во насока на решавање на оваа ситуација во согласност со предлозите на НАТО. Во овој момент, после повеќе од три децении, за нешто толку сериозно и опасно, за што се сметаше дека е надминато врз основа на договорената регулатива наречена Договор за нуклеарни сили со среден дострел (Intermediate Nuclear Forces Treaty), повторно се стави во прашање светската и европската безбедност од нуклеарен аспект.

Непосредно после објавата дека САД отстапува од INF договорот, неколкупати земјите членки на НАТО ги задвижија дипломатските механизми и апелираа до Русија да ја обнови својата послушност кон одредбите на овој договор, а со тоа и да ги повлече распоредените ракетни системи. Ваква или слична одлука јавноста немаше можност да посведочи во овој период, што резултираше летото 2019 година на 2 август (како што беше најавено), САД официјално да се повлече од почитување на одредбите од договорот, а воедно и НАТО да донесе одлука дека мора да одговорно и пропорционално да одговори на ваквите постапки на Русија, останувајќи во секој момент отворен за зачувување на постоечките регулативи за контрола на вооружувањето.

Гледано низ призмата на овие случувања, мора да се забележи дека историјата ја прикажува својата повторлива особина. На почетокот на осумдесетите години од XX век, тогашниот СССР распоредуваше нуклеарни ракети, што претставуваше закана за европската безбедност, а главното дипломатско решение беше донесувањето на фамозната „Двонасочна одлука“, која оставаше простор за корегирање на постапките во рок од четири години. Неодамна, во 2017 година, кога се потврди дека Русија распоредува нуклеарни ракети на западните делови од својата територија, САД, во согласност со членот 15 од INF договорот, објави дека ќе го прекине своето придржување до договорот во рок од шест месеци доколку Русија не ги преиспита своите одлуки во врска со ангажирањето на овие системи. Исто како и на почетокот на осумдесеттите години од XX век, така и денес регулативите за контрола на вооружувањето на светските сили повторно доминираат како точки на дневниот ред и претставуваат чист императив за решавање, со цел задржување на светската безбедност.

Без зачувување на овој или на него сличен договор, Русија и САД би можеле слободно да го зајакнуваат својот нуклеарен арсенал, што би повлекло отворање нови прашања на меѓународната политичка сцена.

Се очекува Русија да продолжи со софистицирање на својот нуклеарен инвентар, сега кога официјално САД отстапи од придржувањето  на договорот. САД неминовно би ја следеле Русија со развојот на своето вооружување по принципот на пропорционалност, истовремено оградувајќи се со голата неопходност на преземените мерки. Дали и кога ќе дојде до седнување на маса за разгледување на ова прашање, и што ќе биде резултатот од тоа, останува да се види. Дотогаш, на светот му останува (повторно) да го чека новиот период на “détente“.

Бојан Миклош



# Нада Бутникошарева, борец за слобода

Нада Бутникошарева е родена на 21 јануари 1919 година во Велес, во сиромашно повеќечлено земјоделско семејство. Откако се здобила со основно образование,Нада се запишала во т.н. „работничко училиште“ каде го изучувала шивачкиот занает. Откако го изучила занаетот Нада во 1935 година се вработува во Монополот. Тука, како монополска работничка ја почувствувала сета тешкотија на работничката класа. Поради тоа таа се определила на страната на напредното работничко движење и станала член на Урсовите синдикати. Како член на Урсовите синдикати, Нада била една од организаторите на штрајкот на монополските работници во 1938 година, поради што била отпуштена од работа. Останувајќи без работа, била принудена да бара работа на други места во земјата. Отишла да работи во Белград и во Крушево. Во 1939 година била примена во редовите на СКОЈ, а во 1940 година и во КПЈ. Била член и на МК на КПЈ.

Како член на МК, веднаш по нападот на фашистичкиот окупатор на земјата во 1941 година, Нада активно работела на организирање на вооружената борба против окупаторот. Нејзината активност била забележана од бугарската полиција, поради што во септември 1942 година морала да замине во велешкиот партизански одред „Димитар Влахов“. Во одредот била борец на Втората чета и учествувала во сите акции што ги изведувала четата. Втората чета дејствувала на теренот на Клепа. Дејствувајќи на овој терен, борците на Втората чета честопати се засолнувале



Името на партизанката Нада Бутникошарева е испишано со златни букви во македонската историја и историјата на Велес. Во Велес, во нејзина чест, една градска улица го носи нејзиното име. Нејзиното име го носеа и велешката фирма за откуп на тутун, потоа „Велес табак“, поранешниот Монопол, во кој Нада работела и каде што и денес се наоѓа споменик во нејзина чест. Погребана е во заедничката спомен-костурница на борците од Велес

во Војничката пештера која се наоѓале на југоисточната страна на велешкото село Војница. На 13 декември 1942 година, престојувајќи во пештерата, дел од борците биле забележани од група ловџии кои за ова ја известиле полицијата. Борците брзо ја напуштиле пештерата и се упатиле кон месноста „Пешти“. Тука се задржале два дена, а потоа повторно се вратиле во пештерата. Но, непријателот веќе организирал потера на овој терен. Рано изутрината на 16 декември 1942 година, стражарот кој стоел пред пештерата забележал силуети. Тоа бил непријателот. Целиот терен околу пештерата бил опколен. Во тоа магловито утро кон пештерата бил отворен силен оган.

Во престрелката што уследила бил убиен командирот на полицијата. Краткото затишје кое настанало, борците го искористиле за да се договорат како да се извлечат од обрачот. Одлучиле во групи да фрлаат бомби на непријателот, а замислата ја спровеле. Непријателот како да ја загубил контролата, а ова го искористиле дел од борците и успеале да се пробијат низ непријателскиот обрач. Непријателот за кратко време се соземал. Обидот да се пробијат останатите борци бил неуспешен. Непосредно пред пештерата биле убиени шестмина борци. Нада, иако ранета, успеала да се извлече, но наскоро била откриена и убиена. Загинала на 16 декември 1942 година во борбата кај Војничка Пештера.

Нада Бутникошарева е сведок и потсетување за големината на идеалите за слободата на татковината и за нејзината храбраста во цутот на младоста свесно да појде во нерамноправна борба со своите другари, не жалејќи го сопствениот живот, нешто што треба да го научат и да го ценат сегашните и идни генерации.

Антоанела Димитриевска

# Улогата на силата



Силата е потребна за еден субјект да принуди друг субјект да направи нешто што првиот сака, а вториот не би го направил без да се дејствува врз него со сила. Во воената наука под поимот „сила“ се подразбира способност на државата да предизвикува или да спречува определени општествени промени и процеси. Во потесна смисла, тоа значи употреба на физичка сила, изразена како вооружено насилство за некому да му се наметне одредена волја, со цел да се одржи или да се промени некоја состојба. Кога се зборува за примена на силата во политиката, таа може да се рефлектира во рамките на една држава или во меѓународната политика во односите помеѓу државите.

Уште од најдалечното минато мислителите се обидувале да ја рационализираат улогата на силата во животот на човекот. Во природните науки силата се дефинира како дејство на една материја врз друга и резултира со промена на состојбата меѓу нив. Таа е неопходна за движење на материјата. Во општествените науки силата ги движи општествените појави

Силата отсекогаш била поврзана со политиката, која е една од најстарите општествени дејности. Со самото дефинирање на односот сила – политика и проучување на нивната историска симбиоза, очигледно е дека употребата на сила е општествен факт, кој дури и ако е критикуван, етички треба да се сфати како нормална појава без која човештвото не би имало напредок. Објаснето низ филозофијата на Киренците, кои повикувале на хедонизам, мудро е да се прифати примена на умерена сила, па дури и да се наметне одреден степен на неправда, доколку потоа следува состојба на задоволство т.е. ако се постигне напредок за доброто на сите. Бидејќи примената на гола физичка сила во минатото била политичко решение, особено на надворешен план, таа се развивала како техника за стекнување и јакнење на силата на државите. Сета пишана историја укажува дека општествениот





Силата отсекогаш била поврзана со политиката, која е една од најстарите општествени дејности. Со самото дефинирање на односот сила –политика и проучување на нивната историска симбиоза, очигледно е дека употребата на сила е општествен факт, кој дури и ако е критикуван, етички треба да се сфати како нормална појава без која човештвото не би имало напредок

развој на човекот била немилосрдна пресметка која единствено се интересирала за успех во борбата со противникот. Политиката започнала во моментот кога во првобитните заедници луѓето станале свесни за значењето на силата, научиле да ја контролираат и да ја поседуваат. Бидејќи силата била пресудна за опстанок, желбата за поголема сила никогаш не престанала. Првобитните заедници преку примитивен вид на дипломатија се здружувале во поголеми заедници, племиња и племенски сојузи. Единствена стратегија во првобитното општество било да се покори помалиот и да се створат подобри услови за живот на заедницата. Зацврстувањето на племенските сојузи потоа довело до формирање на државата, како највисок степен на организација на една заедница.

Силата влијае врз развојот, животот и опстанокот на заедниците, државите, нациите, народите, групите и воопшто врз човечкото општество. Основачот на циничката филозофија, Антистен, ја опишал улогата на силата во општеството со алегорија на животинското собрание: кога зајаците побарале еднаквост на сите животни во шумата, лавовите им одговориле дека таквото барање ќе треба да се поткрепи со канџи и со заби какви што само тие имаат. Во теоријата на општествен договор, Томас Хобс вели дека силата е нужно зло кое државата мора да го спроведе во облик на закони. Во спротивно, луѓето би се вратиле во природната состојба каде што владее хаос и безредие. Без силата не би можеле да се реализираат човековите права и слободи. Од друга страна, Жан Жак Русо верувал во добрината и совесноста на луѓето и сметал дека потребата на човекот за сила е поради притисокот и ограничувањата кои ги трпи од државата. Оттука, анархистите сметаат дека државата со нејзината сила воопшто не треба да постои, а човекот треба да се остави слободен да прави што сака. На тоа се спротивставуваат либералните демократи кои велат дека човекот не е совршено добар и потребно е да се ограничи неговото однесување во облик на права и обврски кои ќе ги контролира државата, и тоа единствено со употреба на сила. Марксистите предвидувале дека политиката и државата еден ден ќе бидат надминати и нема да има потреба од употреба на сила, меѓутоа, додека тоа се постигне, ја оправдувале употребата на сила. Суровата вистина за улогата на силата реално ја опишал и Роберт Хајнлејн велејќи дека, „насилството и голата сила решила повеќе работи низ историјата од кој било друг фактор ... додека сите права се измислени од човекот, единственото вистинско природно право е правото да се употреби сила“. Силата отсекогаш била решавачка алатка во односот меѓу луѓето. Влијанието на силата и нејзина улога во современи услови не само што не се намалува, туку напротив, се проширува и има решавачко влијание врз развојот на општествените односи. Водењето на политика од позиција на сила се пресликува и во внатрешните односи на државите и на меѓународната сцена помеѓу нив. Познавањето на сопствените можности и



Влијанието на силата и нејзината улога во современи услови не само што не се намалува, туку напротив, се проширува и има решавачко влијание врз развојот на општествените односи. Водењето на политика од позиција на сила се пресликува и во внатрешните односи на државите и на меѓународната сцена помеѓу нив

проценување на можностите на другите го трасираат политичкиот пат на една држава за нејзин развој и зачувување на националните интереси преку формирање на национална доктрина и стратегија. Каква политика треба да води една држава зависи од количината на сила која ја поседува. Секое прецнување на една држава на своите способности и водење на несоодветна  политика која не може да се поткрепи со сила може да доведе до пропаст.



Тукидит, во познатото дело „Историјата на Пелопонеската војна“ ја прикажал улогата на силата низ Мелоскиот дијалог, кој до денес служи за пример на политички реализам наспроти политички идеализам. Во 416 г. пр.н.е. за време на Пелопонеската војна меѓу Атина и Спарта, Атињаните тргнале да го покорат малиот остров Мелос. Атињаните им дале на Мелосите ултиматум, да се предадат и да ѝ плаќаат данок на Атина, или да бидат уништени. Преговорите траеле кратко. Мелосите се надевале дека Атињаните ќе ги остават на мир доколку се прогласат за неутрални, на што тие одговориле дека не може да го прифатат тоа, бидејќи сите останати ќе го сметаат таквиот потег за нивна слабост. Атињаните не сакале да губат време на дискусија дали ултиматумот е етички исправен, велејќи им на Мелосите дека и тие би постапиле исто како и нив кога би имале сила, бидејќи „силните го прават тоа што можат, а слабите го трпат тоа што мораат“. Политичкиот идеализам во дијалогот се гледа во ставот на Мелосите дека е срамно и кукавички да се потчинат без борба ако имаат шанса да победат. Политичкиот реализам се гледа во одговорот на Атињаните дека „нема срам да се потчиниш на неспоредливо супериорен противник против кој нема никаква шанса за победа, особено кога нуди разумни

услови“. Мелосите се надевале дека, сепак, вреди да се испроба среќата и рекле дека не жалат да се обидат да дадат опор. За Атињаните ваквото размислување било кратковидо и ги предупределе дека ќе зажалат за нивниот глупав оптимизам. На коментарот на Мелосите дека боговите ќе помогнат затоа што правдата е на нивна страна, Атињаните им рекле дека „боговите нема да интервенираат бидејќи природен закон е силните да владеат со слабите“. Мелосите се надевале дека Спартанците можеби ќе им помогнат во последен момент. Атињаните ги предупредиле дека Спартанците секогаш ги ставаат нивните интереси пред другите и само ако тие се загрозени би интервенирале, така што не треба да очекуваат помош која нема да дојде. Атињаните биле изненадени колку Мелосите биле надвор од реалноста, велејќи им дека никогаш не виделе „некој да е толку сигурен во иднината, наместо во сегашноста во која се наоѓа“. Откако Мелосите дефинитивно ја одбиле понудата, Атињаните го заземале островот, ги убиле сите мажи, а жените и децата ги одведеле во ропство.



Војската е најуочливиот елемент на воената сила и претставува најорганизиран и најподготвен елемент на која било држава. Развојот на материјалното производство е фундамент на вкупниот економски и техничко-технолошки развој на државата. Политичката и воената сила на државата зависат исклучиво од нејзината економската сила

Има безброј други примери кои покажуваат дека поседувањето на сила и нејзината употреба во општествените и меѓународни односи е најсигурното средство за стекнување и зачувување на одредени вредности, природни и општествени услови или територии. Силата на државата се јавува низ различни облици, а како пресудни се сметаат политичката, економската, воената, а денес, сè повеќе е значајна и силата на информациите. Политичката сила е способност на политичките субјекти да влијаат врз процесите во општеството. Тоа влијание може да биде преку државните институции или надвор од нив и може да се пројавува низ различни форми, почнувајќи од морален и политички притисок, па сè до физичка принуда, вклучувајќи го тука и вооруженото насилство. Во секоја организирана заедница како што е државата, постојат различни интереси и потреби на поединци и општествени групи. Тие не се хармонични, туку спротивставени и противречни. Различни интереси прават да се појават различни актери кои како претставници го изразуваат потесниот интерес на одделните групи. Во секоја држава постојат структури кои преку политичка борба се борат за интересите кои ги претставуваат. Покрај тоа што најголемиот дел на политичката сила е концентрирана во државните институции, таа не треба да се изедначи само со државата, бидејќи покрај политичката сила со која државата располага, постои и политичка сила со која располагаат разни други актери.

За да се спречи меѓусебната борба и евентуалното распаѓање на една заедница поради постоење противречни и спротивставени интереси на одделни општествени групи, секоја држава организира посебен апарат за принуда како што се органите за управување, полицијата, војската, судовите, затворите и слично. Со тоа државата ја монополизира силата на општеството и ја легализира нејзината употреба за зачувување на воспоставениот општествено-политички и економски ред.

Во тој поглед, воената сила на државата располага со најголема концентрација на физичка сила и е организирана за вршење на вооружено насилство. Демократските општества помалку ја користат силата за зачувување на стабилноста на општеството, додека автократите повеќе се потпираат на употреба на сила. Воената сила е тесно поврзана со политичката и економската сила на државата. Концептот на реализирање на одбранбената функција претставува објективна нужност, а не субјективна политичка волја. Воената сила ги опфаќа вооружените сили со сите човечки и материјално-технички ресурси кои државата може да ги ангажира за спроведување или за спречување на вооружено насилство. Војската е најуочливиот елемент на воената сила и претставува најорганизиран и најподготвен елемент на која било држава. Развојот на материјалното производство е фундамент на вкупниот економски и техничко-технолошки развој на државата. Политичката и воената сила на државата зависат исклучиво од нејзината економската сила. Колку државата поседува поголема економска сила, таа подобро ќе дејствува на политичката сцена и ќе има капацитети за примена на воената сила.

Случувањата во геополитичката арена во различни периоди од општествениот развој на луѓето покажале дека државата неизбежно се стреми кон акумулирање на повеќе сила, бидејќи тоа е најсигурна гаранција дека ќе може да ги оствари своите интереси и вредности во општествениот простор. Употребата на сила како средство за постигнување на целите е фактички неопходна и потребна. Со оглед на фактот што во борбата за општествени вредности и постигнување на благосостојба се спротивставуваат многу заинтересирани страни, употребата на сила во нејзините најразлични форми уште долго време ќе биде неизбежна.

Ѓорѓи Вељовски



# Силите на Обединетите нации во Кипар United Nations Peacekeeping Force in Cyprus – UNFICYP (1964 - ?) II дел

После привременото смирување на судирите, во јуни 1966 борбите повторно се расплламтиле во северозападниот реон Kokine, главно населен со кипарски Турци. Колапсот на турската одбрана го спречиле турските воздухопловни сили со напади врз позициите на кипарските Грци, заради што постоела голема опасност и веројатност судирот да прерасне во отворена грчко-турска војна. Настојувајќи да се спречи турската инвазија на островот, САД се обиделе да посредуваат преку поранешниот државен секретар Acheson. Присутноста на единиците на ОН долж линијата на раздвојување обезбедила каков таков мир, иако и понатаму се случувале привремени инциденти. Недостасувало конечно политичко решение кое би спречило повторување на судирите. Во април 1967 година, група десно ориентирани офицери во Атина извеле воен удар со кој е срушена социјалистичката влада на Папандреу. Една од најважните задачи на воената хунта била обединување на Кипар со Грција и затоа истата година уследил нов бран на судири. Во 1971 година на Кипар се вратил генералот Grivas, кој во 1968 година воената грчка хунта го отповикала во Грција, и со помош на атинскиот режим ја обновил организацијата ЕОКА под ново име ЕОКА Б. За разлика од движењето во времето на противбританската војна во педесеттите години, ЕОКА Б повеќе не ја имала апсолутната поддршка од грчкото население туку била перципирана како продолжеток на атинскиот воен режим. Соочена со можноста за уништување на турската заедница, Анкара побарала повлекување на грчките единици од Кипар заканувајќи се со војна.

> Во недостаток на целосен мировен договор, силите на UNFICYP до ден денес ја надгледуваат линијата на разграничување, а мандатот на мисијата се продолжува секои шест месеци

## Турската инвазија на островот

На удар на грчките радикали се нашол и претседателот Макариос кого го сметале за најголемата пречка за обединување на Кипар со Грција. Помеѓу 1970 година и 1973 година врз него се извршени повеќе обиди за атентат, а на нападите им се придружила и грчката православна црква која барала негова оставка, повикувајќи се на неспоивоста на верското и политичко водство. Во ноември 1973 година во Атина е извршен уште еден воен удар, после кој и политичката ликвидација на Макариос станала прашање на време. На крајот на 15 јули 1974 година воената формација на кипарските Грци „Грчка национална гарда“, под команда на грчки офицери извршила воен удар во Никозија и Макариос бил срушен. Турција немала намера пасивно да ги набљудува случувањата на островот, туку премиерот Bulent Ecevit се одлучил на брзо делување. Само пет дена после воениот удар во Атина , на 20 јули започнува со инвазија на Кипар. Турската армија извела падобрански десант кај местото Kyrenia и веднаш потоа отпочнало пристигнување на поголеми трупи по морски пат. Британскиот гарнизон на островот останал по страна од судирите, а турските војници напредувале кон западниот

дел на островот и аеродромот во Никозија. Разместувањето на сили на ОН околу аеродромот го спречиле завземањето на истиот од страна на турските воени сили. До почетокот на август на Кипар се наоѓале околу 40 иљади турски војници, кои постигнале апсолутна воена надмоќ на силите на кипарските грци кои располагале со околу 12 иљади луѓе под оружје. После поголем бран на демонстрации низ грчките градови предизвикани од случувањата на Кипар, на 23 јули 1974 година воената грчка хунта била присилена да отстапи. После седум години владеење на воениот режим, прилика за формирање цивилна влада добил Константин Караманлис. Обновата на цивилниот режим во Грција, довела и до промена на челните луѓе на кипарските Грци, односно Glafkos Clerides бил заменет со Nikos Sampson. При крајот на јули во Женева – Швајцарија, започнале преговори помеѓу Турција и Грција, но после неуспесите кон средината на август турската војска отпочнала нова офанзива.
Во текот на 60-часовна операција турската војска успеала да го прошири подрачјето под свој надзор од градот Famaguste на исток, преку главниот град Никозија до местото Kokkine на западниот брег од островот. Со тоа турските сили запоседнале 37% од територијата на Кипар која ја контролираат и денес, вклучувајќи го најголемиот дел од обработливата земја и индустриските капацитети на островот. Пред турското напредување побегнале над 150 иљади од кипарскитре Грци. По заземањето

После обновувањето на судирите во јули и август 1974 година, Советот за безбедност на ОН усвоил низа резолуции, кои се рефлектирале врз мандатот на мисијата UNFICYP, во смисла на дополнителни должности како што се повлекување на кипарската Национална гарда и воените единици на турската армија, одржување на прекинот на огнот и инспекција на вооружените сили и на двете страни








Мисијата UNFICYP го создаде феноменот кој во другите кризни региони во светот стана познат како „кипризација“ на конфликтите, односно замрзнување на судирите до донесување на политичките решенија. Таков е примерот со мисијата UNIFIL во Либан, која е воспоставена во 1975 година и трае до ден денес

на целиот северен дел од островот, турската војска, на 16 август, по едностран прекин на огнот, ги завршила воените дејства. Во текот на војната во 1974 година, загинале околу 1000 турски и 500 грчки војници, додека околу 250 илјади луѓе се раселени. Политичките преговори се обновени во 1975 година па така од тогаш до денес околу 45 години кипарскиот спор главно се води на зелена маса. Во 1975 година, Турција, тој дел од Кипар го прогласила за своја федерална единица, а после застојот во преговорите во 1983 година и за турска република Северен Кипар. Така, поделениот Кипар во мај 2004 година влезе и во Европската Унија.

После обновувањето на судирите во јули и во август 1974 година, Советот за безбедност на ОН освоил низа резолуции кои се рефлектирале врз мандатот на мисијата UNFICYP, во смисла на дополнителни должности како што се повлекување на кипарската Национална гарда и воените единици на турската армија, одржување на прекинот на огнот и инспекција на вооружените сили и на двете страни. Линијата на разграничување помеѓу грчката и турската страна е утврдена во должина од 180 километри, додека ширината на линијата варира од 20 метри до 7 километри, односно вкупно линијата покрива 3% од територијата на Кипар. Во годините после турската инвазија во 1974 година, островот е поштеден од поголеми вооружени судири, но постоеле повремени периоди на напнатост, како и вооружени инциденти на линијата за раздвојување. Двете страни покажале добра желба за соработка со UNFICYP, со исклучок на одредени ограничувања кои на припадниците на мисијата им ги наметнала турската страна. Мисијата од своето основање повеќе пати се соочувала со одредени ограничувања, заради што постојано доаѓа до намалување на бројноста на припадниците.

Во недостаток од целосен мировен договор, силите на UNFICYP и денес ја надгледуваат линијата на раздвојување, додека мандатот се продолжува секои шест месеци. Бројот на силите на UNFICYP се движи околу 1000 луѓе, од кои околу 800 војници, 70-тина полицајци, 30-40 меѓународни цивилни лица и 100 -120 локални цивилни лица. Од основањето до денес во мисијата UNFICIP загинале околу 180 припадници, од кои 5 се меѓународни цивилни лица, 2 се локални цивилни лица, и 3 се полицајци, а останатите се војници. Годишната цена на мисијата е околу 58 милиони американски долари.

Уште во 1967 година тогашниот генерален секретар на ОН, У Тант, предупредил дека на Кипар заради наслонување на двете страни врз присутноста на мировните сили на ОН, изостанува желбата за склопување на политички договор. Мисијата UNFICYP го создаде феноменот кој во другите кризни региони во светот стана познат како „ципризација“ на конфликтите, односно замрзнување на судирите до донесување на политичките решенија. Таков е примерот со мисијата UNIFIL во Либан, која е воспоставена во 1975 година и трае до ден денес, а авторот на овој и на досегашните текстови за мисиите на ОН низ светот во магазинов, е првиот претставник во Главниот штаб на мисијата UNIFIL од нашата армија, од мај 2007 година до јуни 2008 година. Од тогаш до денес, на истото место во мисјата UNIFIL учествувале повеќе офицери од нашата армија.

м-р Симеон Митрев











# Музеј на вооружените сили и на воената историја во Брисел

Еден од најстарите воени музеи во Европа е Музејот на вооружените сили и на воената историја во Брисел, Белгија. Музејот е отворен за јавноста од јуни 1923 г.

По завршувањето на Првата светска војна, офицерот Луис Леконте, со голем ентузијазам и идеи, започнал со селектирање и собирање на околу 900 примероци на воена опрема за првата колекција и зачеток на Музејот на вооружените сили и на воената историја во Брисел. Музејот се наоѓа во срцето на Брисел т.е. во атрактивниот Јубилеен парк во објектот „Cinquantenaire“, каде што ги зафаќа двете северни хали. Музејот е рангиран во првите 10 воени музеи на светот. Во музејот може да се најдат предмети од средновековни оклопи за коњаници, па сè до модерни воздухоплови. Во Музејот има преку 1000 години воена историја прикажана низ орудија, униформи, оружја, документи итн. Воената историјата во овој музеј во еден дел е прикажана од национален аспект, но не е изоставен и интернационалниот агол и перспектива, со осврт на техничкиот развој, но и социолошкиот аспект на војската и на војната. Музејот постојано го зголемува бројот на експонати. Во 1972 формирана е поставка за воздухопловството, во 1980 делот со оклопни возила, а во 1996 поставката за поморството. Музејот функционира како научна институција со три одделенија: воена историја, техничка и научна документација и истражувачко одделение. Експонатите во Музејот се поставени на простор од 40 000 м2, со дванаесет постојани поставки. На влезот од Музејот е галеријата со средновековни оружја и оклопи. Овој дел го покрива периодот од среден до 18 век. Во овој дел, покрај средновековните оклопи, изложени се и делови од опремата која ја користеле коњаниците, артилериски орудија, огнени орудија, оружје користено во турнири, лов итн. Во историската галерија е поставена изложба на артефакти од белгиската историја од 1831 до 1914 година. Во галеријата наречена „14-18“ се изложени артифакти посветени на периодот од Првата светска војна. Колекцијата во оваа галерија се смета за најбогата во светски рамки за овој период. Многу од изложените артифакти сè уште се со оргинални бои и делови, а дел од изложените предмети се поврзани со лични приказни на учесници од војната. Руската галерија, која е во склоп на постојаната поставка во Музејот, претставува колекција на предмети на руски офицери кои пребегале од Русија за време на падот на царот. Оваа галерија е од 1936 година. Галеријата „Бордо“ е поставена како дел од постојаната поставка на Музејот од 2019 година, а е посветена на периодот во Белгија од 1919 до 1945 година, со особен акцент на периодот во Втората светска војна. Во оваа галерија има распоредено околу 1000 предмети. Авијациската хала е една од најимпозантните делови на Музејот, со 130 воздухоплови од периодот на Првата светска војна па сè до денес, притоа вклучувајќи и голем број на балони. Музејот има и 4 екстерни надворешни поставки – диорами, кои се на различни локации во државата: Команден бункер во планината Кемел, музеј посветен на периодот по Втората светска војна и на Студена војна. Предметите кои се изложени во двата подземни ката на музејот-бункер се автентични од тој период; Ровот на смртта во Диксмунде, посветен на страдањата на војниците во Првата светска војна. Покрај интерактивните презентации, во музејот може да се посетат и сегменти од рововите; Музејот на артилериските орудија во Брасехат, каде се изложени артилериски орудија кои биле во употреба за време на Студената војна. Од 2010 година е поставена поставка во касарната во Бастион, каде за време на Втората светска војна бил преведувачки центар. Во подрумските простории каде што некогаш функционирал центарот, поставена е диорама, со цел да ги долови тогашните случувања.

Златко Блажески



# Еколошката свест предупредува

Човекот уште пред сто и повеќе години се соочил со крупни промени во природата, експлоатирајќи ги природните ресурси, дрва, руда, нафта, вода, почва, со што натрупувал отпад, со што го загадил и воздухот и водата и почвата, а се соочил и со индустријализацијата и со миграциите на населението. Биодиверзитетот на земјата денес е нарушен. Екосистемите се загрозени, загрозени се и животите на луѓето. И животната средина сè почесто негативно влијае и дејствува врз опстанокот на популацијата и животинските видови. Многу производи се еколошки невалидни за консумација, со изменет лик, квалитет и вкус. Техничко-технолошкиот развој и брзото темпо на живот денес бараат приспособување и примена на здрав начин на живот. Многу животни се во изумирање, многу растенија во исчезнување, бавчите се садат во загадена околина крај депонии, се наводнуваат од загадени реки, води и сл. Сето ова алармира да се разбудиме и овој проблем и законски и казнено да го нормираме. Еколошката свест е и морална свест. Да се биде еколошки свесен значи да се увиди проблемот во природата, креативно да се размислува за решавање на проблемот и да се има предзнаења за природата. Тука доаѓаат до израз еколошките вредности, еколошкото знаење, еколошкото однесување и еколошките ставови. Обично, проблем на животната средина се климатските промени и загадувањето. Климатските промени доаѓаат до израз преку глобалното затоплување и оштетување на озонската обвивка и топењето на мразот во Северноледениот Океан, а загадувањето опфаќа загадување на водата, на воздухот, на почвата.

Еколошката свест е и морална свест. Да се биде еколошки свесен значи да се увиди проблемот во природата, креативно да се размислува за решавање на проблемот и да се има предзнаења за природата. Тука доаѓаат до израз еколошките вредности, еколошкото знаење, еколошкото однесување и еколошките ставови

Ние, како совесни граѓани треба да се обидеме да ја заштитиме животната средина и природата. Да се грижиме за ретките видови на животни и растенија, да ја одржуваме чиста околината. Потребно е да се донесуваат соодветни законски прописи според кои треба да се придржуваме и почесто да се организираме за заедничко дејствување за заштита на природата преку разни здруженија, невладини организации, владини акции и слично.

Состојбите во нашата држава со загадувањето на животната средина не се на завидно ниво. Скопје се смета за втор град по загаденост во Европа (факт од пред некоја година). Но и во другите градови во државата постојат видливи проблеми во однос на загадувањето на животната средина. Дали поради несовесно однесување, дали поради непостоење на депонии за селектирање на отпад, несовесни претпријатија кои не ги средуваат преполнетите контејнери, непостоење на филтри на оџаци на фабрики, вештачки ѓубрива и хемиски препарати, бучава, аерозагадување

итн., нарушен е еколошкиот момент во нашата држава.
Секоја година исти приказни – затнати канали од отпадни, атмосферски и фекални води, кои создаваат непријатна миризба, чад од фабрички оџаци, испуштање на масла во реки и помор на риби, издувни гасови од автомобили, пушење, бучава и слично. А, сето ова се одразува и има влијание на здравјето на луѓето.
За надминување на еколошките предизвици во нашата држава, меѓу другото. граѓаните треба постојано да се информираат и едуцираат за состојбите со загадувањето на животната средина. Граѓаните треба да се информираат за сите еколошките дозволи и стандарди кои треба да се имаат за да функционира една фабрика, на пример. Потребно е да се зголеми бројот на контејнери, канти за отпад, со точни назнаки каде и како да се фрла отпадот, каде да се обратат ако имаат проблем со загадувањето и слично. Најчесто и најлесно ни е да кажеме дека еколошката свест на македонскиот народ е на ниско ниво. Но факт е дека кога одиме надвор од državава знаеме каде да фрлиме отпадок, а кога сме кај нас фрламе каде ќе најдеме. И знаеме како да седиме по клупите, а овде не. Знаеме да им ги почитуваме законите за пушење на јавни места, за возење со постари автомобили во одредено време, користење на велосипеди и слично. Иако, за волја на вистината, совесните луѓе и овде си се придржуваат кон законските прописи и кон моралниот систем кој го имаат во себе. Сепак, еколошката свест кај нашиот народ се менува, полека но видливо. Тоа се согледува преку организирањето на повеќе акции на пошумувања, акции за чистење на плоштадите, поставувањето на нови канти, клупи, одржувањето на зеленилото пред зградите, парковите, одржување хигиена на тротоарите. Потребни се повеќе еколошки акции за почист воздух кои се ќе се реализираат со политичките субјекти во државава, со Владата, со пари од Буџетот на РСМ. Ќе го споменеме како позитивен пример, проектот за промена на системот на греење од греење со нафта како греење со сончеви колектори во некои градинки во Скопје, при што градинките за тоа добивале и преку 50 000 евра. Луѓето се греат често со дрва и тоа го загадува воздухот дополнително. Македонија, загадувањето на воздухот ја чинело околу 2,5 % од годишниот БДП според Светската банка, а за здравствени услуги од загадувањето, 300 милиони евра годишно. Затоа државата субвенционира со пари дел



од некои проекти за подобрување на еколошките начини на затоплување и загревање на површините, за расчистување на диви депонии, за редовна хигиена на јавните простори и слично...
Државата издвоила фонд од 1,5 милиони евра за разни активности поврзани со заштитата на животната средина. Овој план требало да се реализира до 2020 година. Има проблем и со отпадот, од кој дел се расфрла, а дел истекува. Во 2018 година биле создадени 855.000 тони комунален отпад, а биле собрани 625.000 тони од страна на општествено-јавни претпријатија или приватни. Често ѓубрето завршувало на диви депонии и некои активисти за одржување на урбаната хигиена за 10-тина месеци исчистиле 40 локации. Во некои градови, како Велес, има акции и за собирање на габаритен отпад – кревети, мебел, прозорци, санитарии, електоуреди и слично, и тоа во 2019 година се собрало да биде 170 метри, што е двојно повеќе од 2018 година. За да се рециклира отпадот се испраќа порака и од извидниците кои беа собрани во Градскиот парк во Скопје, лани 2019 ова време. Решението за медицинскиот специфичен отпад, некои го гледаат во согорување во специјални печки.
Инаку, еколошката свест е најизразена кај децата од основните училишта кои собираат пластични шишиња, хартија, учат да селектираат, учат кои материјали кога се распаѓаат, за енергија од кои се добива. Така стекнуваат темелни навики.
Наставниците треба да едуцираат, а екологистите и експертите треба постојано да предупредуваат и да советуваат.

Васе Митреска





#НиеСмеНАТО
#WeAreNATO

# БЕЗБЕДНОСТ
# SECURITY
# СТАБИЛНОСТ
# STABILITY
# ПРОСПЕРИТЕТ
# PROSPERITY

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Republic of North Macedonia
Ministry of Defence

#ЗаедноПосилни #StrongerTogether #ЗаедноПосилни #StrongerTogether

# 30. БРОЈ ЗА ПАМЕТЕЊЕ. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ПОЛНОПРАВНА ЧЛЕНКА НА НАТО!

Северна Македонија, нашата татковина, е полноправен член на НАТО – Алијансата. Патот беше долг, речиси три децении. Но, бевме одлучни, бевме посветени, бевме фокусирани. Имавме јасна општествена, но и политичка визија дека нашето место е во Алијансата.

Во 1993 година, Собранието донесе Одлука за стапување во Северноатлантската договорна организација, односно НАТО. По само две години станавме дел од Партнерството за мир, а во 1996 година ја отворивме нашата постојана мисија во Алијансата. Статусот кандидат за членство во НАТО го добивме во, сега, далечната 1999 година.

Во 2002 година нашата Армија започна да придонесува во мисијата на Алијансата во Авганистан (ИСАФ), од 2005 се вклучивме во Концептот за оперативни способности на НАТО, а десет години подоцна започнавме со придонес во новата, суштински изменета мисија на Алијансата во Авганистан, наречена „Одлучна поддршка".

Протоколот за пристапување во НАТО беше потпишан на 6 февруари 2019 година, а првото учество на македонски министер за одбрана на состанок на Северноатлантскиот совет беше по само една недела, односно на 13 и 14 февруари 2019 година. Истата година следуваа 2 дополнителни учества, потоа следеше првото учество на Лидерски самит на крајот на годината, како и уште едно учество на министерката за одбрана, четврто по ред, кон средината на февруари годинава.

Процесот на ратификации на пристапниот протокол во парламентите на сите 29 сојузници се движеше со исклучително забрзано темпо. Првата, од страна на грчкиот парламент беше изгласана на 8 февруари 2019, додека претпоследната, во францускиот парламент на 21 ноември. Ратификацијата во шпанскиот парламент се одложи поради изборниот циклус во оваа земја, и беше завршена на 17 март годинава.

На 20 март, претседателот Стево Пендаровски го потпиша Документот за пристапување на Северна Македонија во НАТО, документ кој беше депониран во Вашингтон, САД на 27 март 2020 година.

**Со тој датум, Северна Македонија и официјално е 30. полноправна членка на Северноатлантската Алијанса.** Деценискиот сон е реалност. Напорите вродија со плод. Храброста и посветеноста се исплатеше. Татковината, во мир, безбедност и просперитет. Државата еднаква помеѓу еднаквите. Заедно со најмоќните! Заедно посилни!

#МКвоНАТО #НиеСмеНАТО #ЗаедноПосилни

# Фински оклопен транспортер „ХА-180“

Амфибискиот оклопен транспортер „ХА-180“, е развиен од финската компанија „Sisu“ како повеќенаменска платформа со едноставна конструкција, лесна за користење и релативно евтина за одржување, со цел замена на БТР-60 во армијата на Финска.
Возилото поседува 6х6 погон на тракалата од кои предните 4 тркала се наменети за управување по правец, со цел поефикасно користење на пат, земјена подлога и во екстремни климатски и временски услови. Благодарени на едноставниот дизајн и користењето на веќе развиени компоненти од подвозјето на транспортното возило „Sisu SA-150“, е создадена повеќенаменска платформа, од која се развиени повеќе неборбени и борбени верзии. Оклопното тело на „ХА-180“ е изработено од заварени челични плочи со дебелина од 6 mm до 12 mm, кои овозможуваат заштита од лесно пешадиско оружје со калибар од 7,62 mm и шрапнели на артилерски гранати. Но, подоцна, за возилото е развиен дополнителен оклоп кој овозможува заштита од проектили со калибар 14,5 mm и зголемување на заштита од мини.
Внатрешниот простор е поделен на 3 дела: управувачки, моторен и транспортен оддел. Во првиот (преден) дел е возачката кабина, каде возачот е сместен лево, а десно е сместен командирот на возилото. На бочните страни од управувачкиот дел се вградени по една врата за возачот и командирот на возилото (со блиндирано стакло), а на кровот има два отвори, од кои над отворот за командирот може да се постави носач за митралез со калибар од 7,62 mm. На поновите верзии пред поклопците на кровот се вградени перископи, кои по потреба може да се заменат со пасивен перископ за ноќни услови. За поголема заштита над блиндираните стакла (напред и на вратите) се поставени метални заштитни поклопци. Позади овој дел од левата страна е моторното одделение каде е сместен турбо дизел-моторот Valmet 611 DSBJA, со моќност од 236 кс, во комбинација со трансмисија Allison MT-643, која има 4 брзини за движење напред и една брзина за движење назад. Десно од моторот има мал ходник, со кој се споени управувачката кабина и транспортниот оддел. Третиот, односно задниот дел, е транспортниот оддел наменет за сместување на десантно одделение од 10 војници со комплетна опрема. Во овој оддел кој поседува голем волумен, може да се превезе корисен товар до 6.500 kg на пат и 3.000 kg на земјен терен или при амфибиско дејство. На бочните страни од транспортниот оддел стандардно се вградени по 3 визири за набљудување, кои овозможуваат добра видливост од внатрешноста, а под нив се вградени пушкарници за дејство од внатрешноста. Поновите верзии поседуваат по два перископи врадени по страна, со вградени пушкарници под нив. На кровот од овој оддел се поставени 3 отвори (еден напред и 2 отвори позади). Првиот отвор на кровот е опремен најчесто со постамент на кој се поставува тежок митралез, со калибар од 12,7 mm, за кого во возилото се сместени 1.000 куршуми. На задниот дел од возилото се поставени две десантни врати, а притоа постојат верзии каде само на левата врата има набљудувачки визир и одоздоле вграден пушкарник, а има и верзии каде секоја од вратите има набљудувачки визир и одоздоле пушкарник. Задните врати се отвораат странично. Од опрема возилото е опремено со: АБХО заштитен систем, со клима уред, чекрк со челична сајла со дебелина од 16 mm и должина 50 m наменета за извлекување до 10 тони, лансери на димни или гасни гранати, автоматски регулатор на притисокот во пневматиците, VHF комуникациски уред и противпожарен систем. Како опција се нуди и вградување на сателистка навигација, систем за обраќање (звучници и микрофони) и друго. При изведување на амфибиски дејства возилото како погон користи два водени млазници со вградени пропелери кои се поставени на бочните страни на крајот од возилото. Инаку, поновите верзии поради зголемената оклопна заштита немаат амфибиски можности. Возилото е опремено со 2 резервоари за гориво, секој со капацитет од 145 литри. Од возилото се развиени следните верзии: оклопен транспортер, БВП со борбена купола опремена со автоматски топ од 20 mm, командно возило, комуникациско возило, верзија за медицинска евакуација, ПВО верзија опремена со системот Crotale NG, инжинериско и сервисно возило, противоклопно со наведувани ракети (HOT или TOW), извидувачко АБХО возило, возило за радарско набљудување опремено со радарот Jantronic J-1000/ Giraffe IV, носач на минофрлач и друго.
Од возилото се произведени околу 1.200 примероци, а во светот го користат државите Финска, Шведска, Естонија и Норвешка, додека Данска, Австрија, Ирска и Гана го користат во мисии на ОН, а поранешен корисник е и Холандија.

Ивица Дамески




**Објаснување на пресек-сликата**

1. Блиндирано ветробранско стакло
2. Метален заштитен поклопец за ветробранско стакло
3. Секач на жица
4. Перископ на поклопецот од отворот за командирот
5. Перископ пред поклопецот од отворот за возачот кој може да се замени со пасивен перископ за ноќно возење
6. Тежок митралез M2 HB, со калибар од 12,7 mm
7. Отвор за нишанџијата на тешкиот митралез
8. Лансер на димни гранати
9. Отвор на кровот од транспортниот оддел
10. Набљудувачки перископи

## Верзија ХА-188




**11.** Пушкарници
**12.** Транспортен оддел за десантното одделение
**13.** Куки-носачи на маскирната мрежа
**14.** Пневматик 14.00 x 20 или 14.00 x R20 и челичен бандаж опремен со систем за централно регулирање на притисокот во пневматикот
**15.** Резервоар помеѓу пневматиците
**16.** Управувачки оски на возилото
**17.** Амортизација од лиснати пружини и хидраулучни амортизери
**18.** Дизел-мотор
**19.** Бочна врата за возачот
**20.** Управувач и контролна табла за возачот
**21.** Оклопот кој заштитува од проектили со калибар 14,5 mm

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „ХА-180“ 6Х6 | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 2 лица + 10 војници |
| ДОЛЖИНА НА КАРОСЕРИЈАТА | 7.35 m |
| ШИРОЧИНА | 2.9 m |
| ВИСОЧИНА | 2.3 m (до кровот), стандардно 2.77 m |
| КЛИРЕНС | 40 sm |
| ТЕЖИНА ПРАЗЕН | 12.5 тони |
| БОРБЕНА ТЕЖИНА | 15.5 тони |
| КОРИСЕН ТОВАР | 6.500 kg на пат, 3.000 kg на земјен терен |
| ПОГОН | турбо дизел-мотор Valmet 611 DSBJA, со моќност од 236 кс |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 100 km/h |
| ПЛОВНА БРЗИНА | 10 km/h |
| АВТОНОМИЈА НА ДВИЖЕЊЕ | 900 km |
| ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 60 sm |
| ПРЕМИНУВАЊЕ ПРЕКУ РОВ | 1 m |
| ПРЕДЕН НАКЛОН | 70% |
| БОЧЕН НАКЛОН | 40% |
| ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 1.8 m (а со подготовка амфибија) |




# TAI – „AgustaWestland T129“

Хеликоптерот „Т129“ е повеќенаменски воздухоплов, заснован на платформата „Agusta A129 Mangusta“ и е наменет за реализација на задачи во сите временски услови. Претставува еден вид замена за платформите „AH-1 Cobra“ и „AH-1W Super Cobra“, кои моментално се во употреба, но се подготвени за достојна замена. На 30 март 2007 година, Турција објавува дека одлучила да преговара со компанијата „AgustaWestland“ за заеднички развој и производство на 50-тина хеликоптери (односно на дополнителни 40-тина платформи) базирани на моделот „А129 Mangusta“. Во однос на габаритот, „Т-129“ е поголем од „А-129“ и наместо 4 има 5 лопатки на главниот ротор.

Договорот предвидувал склопување во Турција од страна на турската воздушно-вселенска индустрија, под ознаката „Т129“. Договорот во вредност од 3 милијарди долари бил потпишан на 7 септември 2007 година, со кој турската компанија се обрзала на производство на системот за менаџирање на мисиите, на авиониката, на системите за вооружување, како и на системите за самозаштита. Хеликоптерот може да носи до 12 противтенковски проектили од типот UMTAS од турско производство, слични на проектилите Hellfire II. Хеликоптерот „Т129“ е опремен со топови со калибар од 20 мм. Научниот и технолошки истражувачки совет на Турција формирал конзорциум за развој на напреден милиметарски радар сличен на радарите Longbow и IAI/ELTA. Истиот бил успешно завршен во февруари 2012 година.

Овој хеликоптер влегол во употреба во 2014 година. Интерес за хеликоптерот „Т-129“ начелно изразиле: Азербејџан, Јордан, Малезија, Пакистан, Саудиска Арабија, Јужна Кореја и Обединетите Арапски Емирати.

Хеликоптерот „Т129 АТАК“ е НАТО компатибилен хеликоптер, дизајниран за високософистицирани и прецизни напади, како и за извидувачки мисии во



топли средини, за голема надморска височина, за груба географија, во дневни и во ноќни услови. Програмата АТАК била започната да ги исполни барањата на турските вооружени сили за хеликоптер со модификација на конструкцијата и системите за вооружувањето, како и со развиена високотехнолошка авионика (Colour Multifunctional Displays, Keyboard Display Unit, Avionic Central Control Computer, Four-Axis Automatic Flight Control System, Mission Management System, Weapon Control Units, Flight Data Recorder, integrated INS/GPS (Dual)/ Doppler Navigation System, Full Authority Digital Engine Control System, Air Vehicle Monitoring System).

Пилотската кабина обезбедува свесност за ситуацијата преку добра видливост и интегрирани системи за мисија и комуникација. Системот за таргетирање „Aselflir-300T“ (Targeting Sight System) го зголемува квалитетот на сликата и перформансите на опсегот со процесирање слики во реално време и повеќекратно следење на целта со термичка камера и ласерски означувач, како и обезбедување интегрирани можности за прикажување на комплетната слика од текот на мисијата. Овој хеликоптер е резултат на интеграција на надоградени современи мотори, трансмисија и лопатки на роторите. Турција има целосен маркетинг и права од интелектуална сопственост за платформата „Т129“ и може да го извезува моделот и на други нации, со исклучок на Италија и на Велика Британија. Во 2007 година е објавено дека еден хеликоптер ќе го задржи турското Министерство за одбрана и ќе се користи како тест-воздухоплов за понатамошен развој на системите, а останатите 50+9 хеликоптери било планирано да им бидат доставени на турските вооружени сили (копнени сили). Првиот лет на „Т129“ се случил во 2009 година, кога прототипот летал во објектите на „AgustaWestland“ во Италија. При спроведување на тестовите за лебдење на голема надморска височина, а после завршувањето на неколку успешни тест-летови, дошло до проблеми на роторот на опашката на височина од околу 5000 метри. Пилотот за тестирање доволно успеал да ја врати контролата, со цел да се оддалечи од станбената област пред да се урне, додека екипажот успеал да се извлече без сериозни повреди. Во ноември 2010 година, Турција порачала дополнителни девет хеликоптери „Т129“, со цел да ја зголеми нарачката на вкупно 60 платформи. Првата серија хеликоптери доставени до турската армија за испитувања, не ги исполнила барањата на договорот, конкретно во смисла на вибрации, рамнотежа, тежина. Хеликоптерот „Т129“ бил тежок, а со цел да се надмине овој недостаток, биле додадени 137 килограми на опашката. Од друга страна, вкупната тежина била надмината и како таква можела да го намали оперативниот плафон на лет на „Т129“, што е неповолно за работа под топли и високи услови, како оние што се наоѓаат во Југоисточна Анадолија.



Современ хеликоптер со ознака „Т129 АТАК“, кој е во употреба во турските вооружени сили, и е развиен од страна на турската воздушно-вселенска индустрија (Turkish Aerospace Industries – TAI), во соработка со европскиот партнер „AgustaWestland“. После трансформацијата од 2017 година, во „AgustaWestland“ била формирана новата компанија „Leonardo“

Два настани се особено важни за оперативната употрба на хеликоптерите. Најпрвин во текот на 2014 година турската армија официјално ги активирала првите девет „Т129“ во употреба за борба во контратерористичка операција во турската провинција Сиирт. На 10 февруари 2018 година, за време на турската воена операција во Африн, „Т129“ на турската армија бил соборен од страна на курдските противвоздушни сили.

Како дел од меѓународната вежба „Anatolian Phoenix 19“ во базата во Коња, Турција, имавме можност да присуствуваме на Денот за високи гости, каде учествуваа воени воздухоплови – борбени, транспортни и набљудувачки авиони, како и транспортни и борбени хеликоптери, истурени воздушни контролори, единици за спасување, специјални сили и падобранци, кои ги тестираа заедничките процедури за спасување на персонал во оперативното опкружување. Во тој контекст, одличен настап имаа хеликоптерите „Т-129“, кои настапија во комбинација со авионите „F-16 Fighting Falcon“ и „Lockheed C-130 Hercules“, како и со хеликоптерите „Sikorsky S-70“, „Aérospatiale SA 330 Puma“, „Eurocopter AS532 Cougar“, „Mil Mi-35“ и „Ми-8“, со цел реализација на мисии од типот: борбена заштита, инфилтрација и ексфилтрација на трупи, евакуација на повредени, борбено барање и спасување, падобрански десант, како и учество на истурените воздухопловни контролори.

Драган Павловски

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ПОСАДА | 2 члена (1 пилот, 1 копилот-оператор за навигација и вооружување) |
| КОРИСЕН ТОВАР | 1.200 килограми |
| ДОЛЖИНА | 14.54 метри |
| ВИСОЧИНА | 3.4 метри |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 5.065 килограми |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 281 км/час |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 561 километар |
| ПЛАФОН НА ЛЕТ | 4.572 метри |
| ВООРУЖУВАЊЕ | Ракети: AGM-114 Hellfire, BGM-71 TOW, Hydra 70, Spike-ER, UMTAS, AIM-92 Stinger или Mistral итн. |
| ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЛЕТ | 3 часа |



# Турско оклопно борбено возило-гасеничар „ACV-19“

Оклопното борбено возило „ACV-19“ (Armored Combat Vehicle) е општо име за класа на оклопни борбени возила од 15-19 тони, модерни возила со високи перформанси произведени од многу успешниот FNSS ACV. Овие возила се докажаа во голем број армии ширум светот

Компанијата „FNSS Savunma Sistemleri AS“ со седиште во Анкара, Турција, го комплетираше развојот на ново оклопно борбено возило на гасеници, (ACV-S Armoured Combat Vehicle – Stretched), во рамките на Програмата за финансирање на приватни вложувања. „ACV-S“ е верзија на „FNSS ACV“, која е во служба во турските копнени сили, во Обединетите Арапски Емирати и во Малезија. Истата верзија ја нарача и Јордан. Ова оклопно борбено возило беше распоредено во Сомалија, во Босна и на Косово со турските копнени сили како поддршка во мировните операции на ОН. Нарачани се над 2500 примероци од овој вид возило. „ACV-S“ има дополнително тркало на секоја страна, што дава подолго и пошироко тело на возилото кое овозможува монтирање на купола за двајца луѓе и обезбедува поголема оклопна заштита, мобилност и можност за оптоварување. Првите два прототипови беа завршени во 1998 и во 2000 година. Возилото е погодно за брзо распоредување од страна на силите за брза реакција, не бара посебна дозвола за патен сообраќај и може да се транспортира по воздушен пат со „C-130 Hercules“, „C-141“, „C-17“ и „C-5“ транспортни авиони. Возилото обезбедува и амфибиска активност. Дизајнот на возилата е изведен од возилата „ACV-300“ кое, пак, е дериват од едно од најраспространетите возила во светот „M113“ на САД. Возилата „ACV-S“ имаат голем број заеднички компоненти со возилата „ACV-300“ и „M113“, што дава предност на намалените логистички барања во залихи на резервни делови, обука, сигурност и одржливост. Трупот на ова возило е поширок и подолг од трупот на стандардниот „ACV-S“. Има автоматски управуваната рампа на задниот дел, која се користи за брз влез и излез на војниците во и од возилото. Седиштата на екипажот се во средишниот дел, а отворите за пукање и блоковите за гледање се наоѓаат од двете страни на возилото. Одделот за екипажот, како и моторното одделение се опремени со автоматски систем за откривање и гасење на пожар. Возилото е климатизирано за работа во екстремни услови и опремено е со заштитни маски за лице или систем за заштита од НХБ оружје. Станицата на возачот се наоѓа на предната лева страна на возилото, а моторот е инсталиран на предната десна страна. Предниот перископ се заменува со пасивен оптички перископ за маневри во ноќни услови. Оклопот на возилото овозможува заштита од 14,5 мм куршуми. За противминска заштита возилото е опремено со заштитни подни облоги 18 мм. Возилото е опремено со седишта на расклопување, кои обезбедуваат заштита од удар. Местото на возачот има додатен оклоп. Шасијата на „ACV-19“ е обезбедена со уникатен ламиниран

оклопен систем, комбинација од челик и алуминиум. Возилото „ACV-S“ може да биде опремено со купола за едно лице наречена Sharpshooter, развиена од страна на FNSS и United Defense (сега BAE Systems Land and Armaments). Ова е варијантата на купола со две лица на „Bradley infantry fighting vehicle“, дизајнирани од „United Defense“. На располагање се неколку опции за отвори на кровот, како и куполи што се во согласност со максималната борбена тежина од 20 тона. Опциите вклучуваат купола за едно лице и купола за двајца со 25 мм и 30 мм топ, Stinger купола за противвоздушна одбрана, купола TOW missile launcher, купола Ground Launched Hellfire, 90 мм „direct fire weapon“ и носач на минофрлач 150 мм кој може да се полни и од напред од кај устата на цевката и од позади. Куполата е опремена со ATK Gun Company 25mm M242 топ и 7,62 мм коаксијален митралез. Возилото прототип е изградено со Thales AFV Systems SWARM купола, со митралез 12,7 мм на ATK Gun Systems Company. Возилото „ACV-S Eryx Squad“ носи комплетно опремено одделение на војници и е вооружено со противоклопен ракетен систем „Eryx“. Возилото „ACV-S“, исто така може да биде опремена со купола на борбено возило на пешадијата BMP-3, произведено од Бирото за дизајн на инструменти (КВР) од Тула, Русија. Системот се нарекува ACV-SW. Куполата на BMP-3 е опремена со 100 mm 2A70 полуавтоматски топ/лансер на проектили, кој е стабилизиран на две оски и може да ги испукува двете 3UOF HE-FRAG проектили или 3UBK10 против тенковски водени проектили или 9M117 ласерска против тенковска ракета.
Возилото „ACV-S“ е опремено со Detroit Diesel 6V-53T turbo-charged diesel мотор кој развива 350 hp, систем за автоматска трансмисија Allison X-200 серија. Возилото забрзува од 0km/h до 30km/h за 7.5 секунди а максималната брзина на пат е 75km/h. Алтернативните опции на моторот за исполнување на логистичките побарувања на земјите потрошувачи го вклучува моторот Detroit Diesel 6V-53TIA, кој развива 400 hp, опремен со вградена дијагностика и MTU diesel мотор со ZF автоматска трансмисија. Возилото е опремено со надграден систем за суспензија со подобрени крајни погони. Секоја страна на системот за суспензија се состои од шест тркала на запчаникот, со преден погонски запчаник и заден мрзливец но без повратни ролери на патеката. Патувањето на тркалата на запчаникот е над 380 мм, што овозможува подобрена подвижност низ груб терен.



**Варијанти:** ACV-19 IFV25 – со 25 mm Sharpshooter купола со едно лице и капацитет за транспорт на 11 лица; ACV-19 IFV RCT – опремен со RCT или 25 mm Remote Controlled Turret и капацитет за транспорт на 13 лица; ACV-19 CFV, со купола од две лица опремена со автоматски топ 25 или 30 мм, има капацитет за транспорт на 7 лица и 4 дисмоунт; ACV-19 LGM-V,носач на ласерски управувани проектили, конфигурација на ACV-19 FoV, 8 проектили „Ready to Fire“ поставени на куполата „remote control missile launcher“ и капацитет за транспорт на 4 лица и 8 резервни ласерски наведувани проектили складирани внатре во возилото; ACV-19 TLC, логистички транспортер на гасеници, со целосно оклопен возач и оператор на кран, кабината е поставена на предната лева страна на возилото, опремен е со хидраучична дигалка за товарење и истовар на тешки материјали. Опремено е со вител за самоизвлекување, митралез 12,7 мм за заштита поставен на врвот на возилото. Способен е да транспортира 6 000 кг на муниција и општ товар за поддршка на единиците на терен и екипажот од возач, нишанџија и оператор на кран; ACV-19 AAPC, напреден оклопен транспортер за транспорт на 13 лица, вооружено со митралез 12.7 mm MG; ACV-19 AMEV, високоманеврабилна оклопна амбуланта на гасеници, дизајнирана за евакуација на жртви;
ACV-19 SPM120 е комбинација на самооден носач на минофрлач, за обезбедување индиректна огнена поддршка, возилото може да биде опремено со минофрлач 120 мм и митралез 7,62 мм или 12,7 мм за самоодбрана, има капацитет од 5 лица: возач командир/нишанџија и посада на минофрлачот; ACV-19 CPV, командно возило, кое се користи како командно место на оперативни штабни офицери на бригадно и на баталјонско ниво. Има капацитет за транспорт на 8 лица.

Идриз Идризоски

| СПЕЦИФИКАЦИИ: | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 6,38 метри |
| ШИРОЧИНА | 2,94 метри |
| СЕВКУПНА ВИСИНА | 2,69 метри |
| МАКСИМАЛНА БОРБЕНА ТЕЖИНА | 18 тони |
| ВООРУЖУВАЊЕ | 12,7. mm machine gun; |
| ПОГОН | Detroit Diesel 6V-53T 350hp |
| ТРАНСМИСИЈА | Allison X200-4 |
| ПОСАДА | 3+10 |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 490 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 75 km/h, пловење 6 km/h |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НАНАЗАД | 11 km/h |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | 60% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30% |
| СОВЛАДУВАЊЕ ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 0.74 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА РОВ | 1,83 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 1,1 м |

# Самоодна хаубица „НОРА Б-52“



Самоодната хаубица „НОРА Б-52“ настанала како неопходна потреба за развој на нова, самоодна и мобилна хаубица која ќе ги замени и ќе ги наследи веќе постоечките влечни хаубици и ќе одговори на предизвиците во делот на огнената поддршка во светски рамки. „НОРА“ или „Ново оружје на артилеријата“, како концепт датира уште од поранешна Југославија. Конструирана е на основа на топ-хаубица 152мм „М84 НОРА-А“ со топ со нов калибар од 155мм монтиран на камион од типот „КАМАЗ-63501“ или „ФАП-2632“ со погон на тркала 8х8. Поседува комплетна оклопна заштита за послугата и борбениот комплет на муниција од пешадиско вооружување и шрапнели, а зголемена е и отпорноста на самата платформа во делот на заштита од нагазни мини. После долгогодишен развој на проектот во текот на 2006 година започнува активно производство. Во 2009 година на саемот за оружје „Партнер“ во Белград, Србија ја претставува хаубицата и веќе го отвора проектот за европскиот и светскиот пазар. Идеен творец, реализатор и водач на проектот НОРА е дипломираниот инженер и полковник во пензија (сега починат) Анастас Палигориќ.

## Историски развој

Во средината на осумдесеттите години во поранешна Југославија воената индустрија, покрај развојот на останатите оружја, орудија и системи на сите родови и видови на Армијата, била карактеристична и по развојот на нови артилериски орудија и системи. Кај артилеријата после воведувањето на топ-хаубица 152мм „М84 НОРА-А“ е продолжен развојот на посовремени орудија во склад со новите тактичко-технички побарувања за тоа време. Едно од оперативните побарувања за зголемување на дометот на орудијата било да истиот се зголеми на 24.000 метри. Концептот НОРА-Б сам по себе за тоа време бил многу напреден и развоен и бил конкурентен во однос на останатите воени индустрии од светот. Согласно тогашните побарувања и развојни капацитети воената индустрија и претпријатие „Југоимпорт“ и ден денес ги надградува постоечките достигнати остварувања врз база на веќе стекнатите искуства од програмата НОРА-Б со развој на разни варијанти на системот НОРА. НОРА-Б во тоа време претставува еден од ретките концепти за вградување на топот на орудието на носечка платформа на моторно возило со што започнала нова ера за промена на дотогашниот концепт на вградување на топот во носечка купола.

## Историски развој после распадот на поранешна Југославија

По распадот на поранешна Југославија продолжуваат истражувањата и развојот на концептот НОРА со тоа што се бараат разни модификации за подобрување на затворачот на орудието, топовските каписли и заштитата на орудието. Целокупниот концепт НОРА по долгогодишни истражувања резултира со современа самоодна хаубица НОРА-Б52К1. Целиот проект е финализиран во фирмата „Лола систем“, а во соработка со врвни капацитети на воената индустрија како што се: „МБЛ Лучани“, „Слобода“, „ППТ“ итн.

## Карактеристики

Високата ефикасност на „НОРА-Б52“ е постигната со карактеристиките и развојот на следниве системи. Балистичкиот систем се базира на цевка 155 мм, со должина од 52 калибри, зафатнина на барутната комора од 23 литри со двокоморна гасна кочница со висока ефикасност. Барутната комора е развиена на основа на самозатворање со револверски систем на носач на топовски каписли. Развиени се и современи моноблок барутни полнења со согорливи чаури. Балистичкиот систем овозможува и домет од 41км со користење на муниција од типот „ЕРФБ-ББ“. Системот има високо ниво на мобилност со максимална брзина од 80 - 100 км на час на добри патишта и до 25 до 40км на час на макадам. Камионот поседува автоматска регулација на притисокот

во пневматиците во зависност од теренот. Големата мобилност му овозможува брзо запоседнување на огнените позиции.Без разлика на тежината НОРА Б-52 може да се транспортира со авион „Иљушин-76“ и останати авиони од таа класа, со железнички транспорт и по поморски пат.
Во делот на хидрауликата на системот воведен е хидрауличен систем за прицврстување на цевката при движењето кој се состои од четворокрак преклопувачки лафет со вградеи амортизери. Со него може да се управува од контролната станица на страничниот дел на системот. Цевката на орудието со помош на хидраулика се движи по правец и по висина со што се добива на време за подготовка на орудието со што брзината и ефикасноста на огнот значително се зголемува.Автоматското полнење овозможува роботизирано доведување на проектилот и барутното полнење на линијата на полнење и нивно потиснување и внесување во лежиштето и барутната комора. Со тоа се намалува физичкото оптеретување на послугата и се постигнува поголем ефект и брзина на стрелба од 6 проектили за една минута. Системот за автоматско полнење има по 12 проектили и полнења од десно и лево и 24 проектили и полнења сместени во модуларен дел позади кабината. Системот за управување и софтвертскиот дел на хаубицата се компатибилни со современите артилериски орудија. Покрај системот за автоматско движење и наведување на орудието, истото има можност и за механичко придвижување на цевката.
Системот „НОРА Б-52“ веќе се имплементира и се користи во доста армии ширум светот како во: Мјанмар (36 системи), Бангладеш (18 системи), Кенија (18 на употреба и за уште 12 системи е направена порачка). Интерес за системот покажале и други земји, како на пример: Кипар (направена порачка за 24 системи), Пакистан и Обединетите Арапски Емирати.
Според некои отворени српски извори, компанијата „Југоимпорт“ во своите капацитети во „Велика Плана“ до крајот на 2019 година ја завршила монтажата на 6 системи НОРА Б-52 за вооружените сили на Кипар, што е и прв случај оваа хаубица да се извезува во земја која е членка на Европската унија. Отворените извори, односно балканската безбедносна мрежа (www.balkansec.net), информира и дека покрај вкупниот договор за производство на 24 системи НОРА Б-52 со калибар од 155мм, Кипар набавува и 8 лесни оклопни возила „МИЛОШ“ кои се наменети за артилериско извидување и набљудување.

Славчо Кузманоски



| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „НОРА Б-52“ | |
|---|---|
| ПОСЛУГА | 4-5 |
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 155 mm |
| НАЧИН НА РАБОТА | Автоматски, полуавтоматски и рачен |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКИТЕ | 52 калибри |
| ДОСТРЕЛ | 32 km (со проектил HE M88)<br>34 km (со проектил ERFB)<br>41 km (со проектил ERFB-BB)<br>56 km (со проектил HE ERFB RA/BB) |
| ТЕЖИНА НА ОРУДИЕТО СО 0,5 Б/К И ПОСЛУГА | 36 t |
| ДОЛЖИНА | 11000 mm |
| ШИРИНА | 2950 mm |
| ВИСИНА | 3450 mm |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | лево 30 степени, десно 30 степени |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | од -3 до +65 степени |
| БРЗИНА НА ГАЃАЊЕ | 6 проектили за 1 минута (или можност за истрелување на 3 проектили за 20 секунди) |
| ТЕМПЕРАТУРЕН ОПСЕГ НА РАБОТАТА НА СИТЕ ПОТСИСТЕМИ НА ОРУДИЕТО | од -25°C до +55°C |
| ПОТРЕБНО ВРЕМЕ ЗА ПРЕМИН ОД МАРШЕВСКА ВО БОРБЕНА ПОЛОЖБА | 90 секунди |
| НАЈГОЛЕМ НАДОЛЖЕН НАГИБ | 50% |
| НАЈГОЛЕМ ПОПРЕЧЕН НАГИБ | 20% |
| МОЖНОСТ ЗА ПОМИНАТ ПАТ СО ОШТЕТЕНИ ПНЕВМАТИЦИ | до 50km |
| МИНИМАЛЕН РАДИУС НА СВРТУВАЊЕ | ≤ 16 m |
| ВОДЕНИ ПРЕЧКИ | 1 m |
| ВЕРТИКАЛНИ ПРЕЧКИ | 0,5 m |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ДОБРИ ПАТИШТА | од 80 до 100 km/h |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ЗЕМЈЕНИ ПАТИШТА – ТЕРЕНСКИ УСЛОВИ | од 25 до 40 km/h |
| РАДИУС НА ДВИЖЕЊЕ | до 500 km |
| М/В | FAP, 8x8, турбо-дизел мотор со 410 к/с |




# Воено свирче

Свирчето е едноставен уред со кој се произведува продорен звук кој предизвикува внимание и е од суштинско значење за полицајците, за спортските судии, за војниците, за тренерите и за многу други професии. Свирчињата можат да спасат животи кога ги користат спасувачите, изгубените кампери или жртвите на криминал. Небројени организатори и лидери, од наставници до полицајци, ги користат за да го фокусираат вниманието и да покажат авторитет

Веројатно нема музички инструмент којшто е со повеќе различни форми од свирчето. Основната идеја за свирчето лежи во тоа на кој било начин да се формира колона на воздух што ќе вибрира. Бидејќи нема недостаток на средства или методи за тоа да се направи, бескрајната разновидност на облиците на свирчето е прашање само на идеја. Најопштата форма е свирчето кое го прави човекот со устата, при што може да направи звук без претходна обука, но многу музичари се вешти до тој степен што можат да ги исвиркаат најтешките пасуси од елаборирани музички композиции. Примитивни свирчиња што сме ги користеле во детството се шуплините на старите клучеви, познатото врбово свирче, капачето од хемиското пенкало или, пак, свиркањето со прстите. Гледајќи дека може многу да се направи со такви груби средства, тогаш не е чудно што свирчето било добро познато уште во антиката. Старите антички народи биле мајстори во изработката на свирчиња. Тие ги правеле во голем број, украсувајќи ги со разни шари и фигури на животни. Свирчињата направени од коска или дрво се користат илјадници години за духовни, практични и забавни цели. Се смета дека ноќните стражари во античка Кина користеле желади како свирчиња за да ги предупредат градовите за нападите од Монголите. Во древниот Египет се користеле два листа папирус кои биле држани заедно помеѓу дланките. Со дување во дланките, папирусот правел гласен сигнален звук. Свирчиња од птичји коски се користеле во 12 век во Даблин, Ирска, за кои се верува дека биле увезени од Викинзите. Свирчиња во форма на цевка биле користени на бродовите за издавање команди и поздрави, а слични се користат и денес во модерните морнарици. Се смета дека се развиле од свирчиња што се користеле во античка Грција и во Рим за да го задржат ритамот на веслање од страна на робовите на галиите. Во средновековните времиња биле користени свирчиња за време на крстоносните војни за да се соберат англиските стрелци со лакови при напад. Современата ера на употреба на свирчето започнала во 1878 година, кога било употребено за прв пат од

Современата ера на употреба на свирчето започнала во 1878 година, кога било употребено за прв пат од страна на судија за време на спортски настан. Џозеф Хадсон, кој бил фасциниран од свирчињата, и во својата компанијата „Хадсон“ направил свирче од месинг наречено „Acme City“



страна на судија за време на спортски настан. Џозеф Хадсон, кој бил фасциниран од свирчињата, во својата компанијата „Хадсон“ направил свирче од месинг наречено „Acme City“. Ова свирче станало првото судиско свирче користено на фудбалски натпревар за време на Купот на Фудбалската асоцијација во 1878 г. помеѓу Нотингем Форест и Шефилд.  Утврдено било дека овој уред бил супериорен во однос на вообичаениот судиски сигнал, мавтањето со шамиче. Во 1883 година, лондонските полициски сили бараат алтернативен звучен инструмент кој ќе ја замени тешката штракалка која полициските службеници до тогаш ја користеле. Хадсон измислил лесно, компактно свирче кое произведувал звук кој можел да се слушне на повеќе од еден километар. Било веднаш усвоено и истиот дизајн се уште е во употреба до денес. Следната година, Хадсон го изумил свирчето со топче. Движењето на мало топче, затворено во воздушната комора на свирчето, го произведува познатиот ефект на трилинг, кој најчесто се поврзува со американската полиција и судиското свирче. Свирчето со топче станува најпродаван тип на свирче во светот.
Произведените свирчиња се направени од метал или пластика. Единствените метални свирчиња произведени во САД се изработени од месинг (легура на бакар и цинк), а фактот дека тие се никлувани или хромирани, доведува до заблуда дека тие се направени од челик. Месингот се користи поради истиот тон и резонантните квалитети кои го прават ефективен кај музичките инструменти. Топчето кај свирчињата со топче се прави од плута, а во Америка е развиена синтетичка плута, материјал кој се однесува како природната плута во секој поглед, освен што не апсорбира влага. Ова помага да не се залепи топчето во внатрешноста на свирчето и да се врти слободно. Пластични свирчиња прво биле произведени во Велика Британија во 1914 година, откако претходните обиди да се произведе задоволителен модел од вулканит (појачана гума) не успеале. Ова овозможило варијации на дизајни и бои кои станале популарни кај потрошувачите. Компонентите на модерните пластични свирчиња можат да бидат залепени или ултрасонично заварени.
Дополнително, покрај свирчињата во кои дуваат луѓето, има и механички управувани свирчиња кои служат за многу цели. На пример, еден вид на свирче може да ја измери брзината на протокот на течноста во производствен процес и дури и да го контролира протокот на флуидите. Свирчињата можат да сигнализираат за протекување на некој вид на гас (обичниот чајник е наједноставниот пример). Свирчињата што се активираат кога филтерот е затнат се дизајнирани за различни уреди, вклучувајќи домашни печки, автомобилски каталитички конвертори и фенови за коса.
Во функционирањето на свирчето е вклучена комплексна аеродинамика. Во познатиот дизајн познат како американско полициско свирче, воздухот, дуван преку делот кој се става во устата, поминува низ правоаголна цевка додека не се сретне со отворот на врвот на свирчето. Надворешниот раб на отворот го дели протокот на воздух на два дела. Горниот дел се движи нагоре во кадрици, како кора од овошје која се лупи, формирајќи вители на воздух. Овој вртлив поток на воздух предизвикува вибрации во






воздухот над отворот, генерирајќи звучни бранови. Долниот дел од вметнатиот воздух се движи надолу во комората, каде што се врти околу закривениот ѕид, додека пак не го достигне врвот. Потоа се турка низ отворот и ги зајакнува вибрациите кои се предизвикани од вртливиот горен слој на воздушниот тек. Таквото свирче не бара топче во комората за да произведе ефективен звук. Меѓутоа, ако топчето е присутно, тоа премногу се врти во внатрешноста на комората, наизменично блокирајќи и деблокирајќи дел од излезниот отвор. Оваа акција предизвикува промена на звукот што го прави звукот на свирчето повпечатлив. Свирчињата кои функционираат без присуство на топче во комората, користат комбинација од облици на комори за да произведат повеќе тонови кои го прават звукот посилен во однос на другите звуци. Едно такво свирче е дизајнирано со цел различните тонови да се произведуваат надвор од една фаза со друга, наизменично откажувајќи се и зајакнувајќи се едни со други, за да произведат ефект на трилинг. Различни производители тврдат дека го произведуваат „најгласното свирче на светот“. Објективната гласност се заснова на мерењето на децибели, кое може да се мери кај секое свирче па, така, најгласните свирчиња произведуваат звук од околу 120 децибели.
Првата светска војна, како ретко кога во историјата на војувањето, покажала дека мали нешта како свирчињата, можат да бидат многу важни и да одират одлучна улога. Поттик и




личен пример во војската, особено кога треба да се потрча кон смртта, треба да дава командирот. Познати се повиците „Напред“, „Јуриш“, „Јунаци, по мене во јуриш“. Во британската војска наредбите за јуриш се давале со помош на една малечка направа. Направата била долга, сѐ на сѐ, осум сантиметри, и се изработувала секогаш во ист облик. Тоа било военото свирче. Звукот на свирчето бил пискав, но продорен. Го знаеле сите војници во рововите на Западниот фронт, како оние кои ги повикувал на јуриш, така и оние од другата страна на рововите, кои тој јуриш го дочекувале со оган од своите пушки и со бајонетите на готовс. Секое свирче на своето метално тело имало изгравирано година на производството и кожно ременче на чиј крај се наоѓал отвор. Ременчето, командирот го закопчувал за едно од копчињата на својата униформа и кога би свирнал и со тоа на војската би ѝ дал наредба за јуриш, едноставно би го испуштил од устата и самиот би потрчал кон непријателските позиции. Британските сили биле првите што ги користеле свирчињата во рововите на

Првата светска војна покажала дека мали нешта, како свирчињата, можат да бидат многу важни и да одиграат одлучна улога. Поттик и личен пример во војската, особено кога треба да се потрча кон смрта, треба да дава командирот. Познати се повиците „Напред“, „Јуриш“, „Јунаци, по мене во јуриш“. Во британската војска наредбите за „јуриш“ се давале со помош на една малечка направа. Таа била долга, сѐ на сѐ, осум сантиметри, и се изработувала секогаш во ист облик. Тоа било военото свирче





Првата светска војна. Свирчињата биле направени од компанијата на Хадсон. Оригиналното свирче не било направено за рововите. Првите свирчиња со цилиндрична форма кои почнале да се произведуваат во 1875 година биле наменети за полицијата. Многу полицајци во тоа време им ја припишувале својата безбедност при вршењето на должноста токму на овие свирчиња. Тие биле користени за да се координираат движењата низ рововите. Командите за координирани движења можеле да се им биле издавани на сите офицери. Свирчињата што ги користеле овие офицери, генерално биле направени од месинг и имале плутено топче кое создавало карактеристичен звук. Обликот на овие свирчиња бил различен од британскиот. Американскиот дизајн изгледал исто како и денес и бил основа за современиот дизајн на свирчињата. Распространетата употреба на свирчиња продолжила и за време на Втората светска војна, но не за издавање команди во рововите.

Воените рововски свирчиња обезбедувале звук што го немало на фронтот. За подобра комуникација биле создадени низа рововски команди, а една од најчестите била за напад преку врвот на рововите. Исто така, користеле различни сигнали со помош на свирчињата за да ги координираат движењата на војниците, при што командирите на одделенија и водови користеле еден вид на свирчиња, командирите на чети друг вид на свирчиња, а командантите на баталјони користеле сосем трет вид

пренесат низ рововите со поголема ефикасност. Во жарот на битката, остриот звук на свирчињата кој ги надјачувал гласовните команди била подобра опција. Воените рововски свирчиња обезбедувале звук што го немало на фронтот. За подобра комуникација, биле создадени низа рововски команди, а една од најчестите била за напад преку врвот на рововите. Исто така, користеле различни сигнали со помош на свирчињата за да ги координираат движењата на војниците, при што командирите на одделенија и водови користеле еден вид на свирчиња, командирите на чети друг вид на свирчиња, а командантите на баталјони користеле сосем трет вид. Ова им овозможувало на војниците да утврдат од каде доаѓаат командите. По користењето на свирчињата од страна на британската војска, нивната употреба наскоро се раширила и во канадските и во јужноафриканските полкови на Комонвелтот. Американската војска, исто така, користела свирчиња кои Многу свирчиња биле користени од страна на многу родови на вооружените сили и од цивилните единици за време на Втората светска војна. Тука спаѓаат армијата, морнарицата, воздухопловните сили, кои ги носеле закачени за униформите или за опремата. Единиците за набљудување и јавување и противпожарните служби ги користеле за да сигнализираат за воздушните напади и за исфрлање на запаливи бомби. Тие биле користени и за итни сигнали, а повеќето војници биле опремени со свирче.
Моделот на воениот свирче, речиси без промени, продолжило да се прави и за војниците после Втората светска војна. Хадсоновата фабрика и денес произведува свирчиња за сите намени, а воените свирчиња денес се употребуваат од страна на припадниците на сите родови и видови на армијата, особено од припадниците на воената полиција и од офицерите.

Александар Стојчевски

## Турски стелт ловец „TF-X“

Компанијата TAI (Turkish Aerospace Industries), во соработка со интернационалната компанија за наменска индустрија „BAE Systems“, под програмата TF-X развиваат нов повеќенаменски стелт-борбен авион, со цел во иднина замена на повеќенаменските борбени авиони „F-16“, но и за евентуален извоз. Првиот прототип се очекува да биде произведен во 2023 година, а првиот лет да биде изведен најдоцна до 2025 година. Како и сите авиони од 5-тата , во план е авионот „TF-X“ да поседува стелт-карактеристики, конструкција изработена од композитни материјали, да поседува внатрешни носачи за оружје и суперкрстосувачка брзина. Во план е вградување на AESA радар, развиен од компанијата ASELSAN, вградување на дигитални системи за комуникација, вклучително и вградување на data link за поврзување со беспилотни летала, вградување на сензори за детектирање на радарска озраченост, за детекција на лансирана ракета и ласерска озраченост, вградување на систем со мамки за заштита од наведувани ракети, систем за електронско попречување, современа навигација, IRST оптички систем и друго. Од оружје ќе користи наведувани противавионски ракети со



мал и голем дострел, крстосувачки ракети и ракети и бомби со сателитско или ласерско наведување (или комбинација на двете). Според најавите леталото би требало да биде едносед, со должина од 21 m, опсег на крилата од 14 m и височина од 6 m. Максималната полетна тежина се планира да изнесува 27.215 kg. Од погон во леталото првично би требало да се вградат 2 млазни мотори General Electric F110, секој со потиснување од 120 kN, додека на серискиот модел се планира вградување на 2 домашни млазни мотори од компанијата TRMOTOR. Планирано е леталото да поседува максимална брзина од 1.8 маха, борбен радиус од 1.100 km и плафон на летање од 17.000 m. Според најавите, композитната конструкција треба да поседува издржливост на оптоварување од +9 до -3 „Г“.

Ивица Дамески





# Ракети со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување FGM-148 „Javelin“ и „Spike“

Веројатноста на уништување на оклопните борбени возила при гаѓање со муниција со кумулативен ефект од системи на противоклопно вооружување зависи од бројни параметри, меѓу кои најзначајни се: главните карактеристики на лансирната единица, главните карактеристики на целта, грешките што се јавуваат во текот на подготовката и при гаѓањето, како и главните карактеристики на муницијата. Од друга страна пак, не секоја муниција со кумулативен ефект за противоклопно вооружување е подеднакво ефикасна. Денес, постојат бројни модели на муниција со кумулативен ефект за системи на противоклопно вооружување, од ист или од различен производувач. Притоа, секоја од нив поседува по некоја само за неа својствена карактеристика според која се разликува од другите и која за неа може да биде предност или пак недостаток. Имајќи го тоа предвид, во овој текст направен е краток компаративен осврт на ефикасноста на муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување FGM-148 „Javelin“ во однос на ефикасноста на муницијата со кумулативен ефект за системот на противоклопно вооружување „Spike“. Фокусот на компаративниот осврт е ставен врз главните карактеристики на муницијата со кумулативен ефект за наведените системи на противоклопно вооружување, како важен параметар од кој зависи веројатноста на уништување на оклопните борбени возила. Изборот за споредба на горенаведените модели на муниција со кумулативен ефект за системи на противоклопно вооружување е направен под влијание на следните појдовни претпоставки: муницијата со кумулативен ефект за израелскиот систем на противоклопно вооружување „Spike“ има технички карактеристики што се најприближни до оние на муницијата за американскиот систем на противоклопно вооружување FGM-148 „Javelin“; сепак, одделни разлики на индивидуален план, кај едниот или пак кај другиот вид муниција, се причина за нивна меѓусебна различност и конкурентност на светскиот пазар на одбранбени технологии.

> Основната намена на ракетите со кумулативен ефект за противоклопно вооружување е уништување на непријателските оклопни борбени возила

Се смета дека првите зачетоци во врска со развојот на муницијата за американскиот систем на противоклопно вооружување FGM-148 „Javelin“ датираат уште од далечната 1983 година, кога од страна на американската армија се излегло со став дека постои потреба за нејзино развивање. Фазата на дизајнирање на прототип траела сè до крајот на 1988 година, а веќе во јуни 1989 година развојниот проект за FGM-148 „Javelin“ им бил доделен на фирмите „Texas Instruments“ и „Martin Marietta“, односно сега познати под име „Raytheon“ и „Lockheed-Martin“. Во април 1991 година било спроведено првото успешно тестирање на летачката способност на „Javelin“ муницијата, додека пак во март 1993 година е извршено нејзино успешно испитно испалување од лансер.
Во 1994 година било одобрено производство на една мала количина муниција „Javelin“, а веќе во 1996 година првата „Javelin“ муниција била доставена до единиците на американската армија.
Од друга страна пак, муницијата со кумулативен ефект за израелскиот систем на противоклопно вооружување „Spike“ била дизајнирана во далечната 1987 година, а со нејзино производство се започнало 10 години подоцна, односно во 1997 година. Како производител на оваа муниција се јавува израелската компанија „Rafael Advanced Defense Systems“.

## Компаративен осврт на ракетите

Бојната глава на муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување FGM-148 „Javelin“ се состои од тандем-кумулативни полнења. Тоа значи дека примарна цел на оваа муниција се оклопните борбени возила што располагаат со експлозивно-реактивен оклоп. Со предното кумулативно полнење или со таканаречениот прекурсор, чиј калибар е помал во однос на калибарот на главното кумулативно полнење, се постигнува иницирање и отстранување на блокот со експлозивно-реактивен оклоп. На тој начин се обезбедува простор за непречено дејствување на кумулативниот млаз од главното кумулативно полнење. Всушност, со ова кумулативно полнење се врши пробивање на основниот оклоп кај оклопните борбени возила. За разлика од облогата на предното кумулативното полнење што е од двослоен молибден, онаа кај главното кумулативно полнење е изработена од бакар. Исто така, помеѓу предното и главното кумулативно полнење е вграден штит од композитен материјал, со цел заштита на главното кумулативно полнење од дејството на експлозијата на предното кумулативно полнење. Згора на тоа, облогата кај главното кумулативно полнење се одликува со голема прецизност и квалитет на изработка, што пак има за последица зголемување на брзината на кумулативниот млаз. На овој начин се овозможува намалување на димензиите на бојната глава и тоа во корист на просторот за сместување на погонско гориво, со што пак се обезбедува постигнување поголем дострел.
Од друга страна пак, исто така и бојната глава на муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување „Spike“ е со тандем-кумулативни полнења. Односно, се состои од предно кумулативно полнење или прекурсор за уништување на кој било вид на експлозивно-реактивен оклоп и главно кумулативно полнење за пробивање на основниот оклоп кај оклопните борбени возила. Како и да е, елементите на бојната глава на овој модел муниција се изработени со исто таква прецизност и квалитет како и кај претходната, што во ниеден случај не ја доведуваат во подредена положба нејзината ефикасност во однос на онаа за FGM-148 „Javelin“. Калибарот на муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување FGM-148 „Javelin“ изнесува 126 mm, додека пак нејзината пробивна способност е повеќе од 600 mm еквивалентна дебелина на хомоген челичен оклоп. Од друга страна пак, калибарот на муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување „Spike“ изнесува 170 mm. Згора на тоа, нејзината пробивна способност надминува 700 mm еквивалентна дебелина на хомоген челичен оклоп. Како и да е, и двата вида муниција со кумулативен ефект за пешадиско противоклопно вооружување располагаат со извонредна способност за уништување на оклопните борбени возила, бидејќи тие ги погодуваат нивните најслабо заштитени места, односно дејствуваат вертикално одозгора врз целта.

## Систем за наведување до целта

Муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување FGM-148 „Javelin“ претставува муниција што функционира според оперативниот режим на работа „испали и заборави“. Под тоа се подразбира дека и по нејзиното испалување таа е способна самостојно, без понатамошно инволвирање на нишанџијата, да изврши следење и уништување на






целта. Нишанџијата го користи инфрацрвениот систем на командната лансирна единица заради откривање и идентификување на целта, а потоа се преминува на користење на независниот инфрацрвен систем на муницијата заради креирање заградi околу целта и нејзино „заклучување“. Пребарувачот останува фокусиран врз сликата на целта и притоа се врши постојано автоматско споредување и препознавање на целта, сè додека не биде остварен погодок. Од друга страна, исто така и муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување „Spike“ функционира според оперативниот режим на работа „испали и заборави“. Исто така, и оваа муниција, располага со инфрацрвен пребарувач. Меѓутоа, за разлика од претходната, муницијата со кумулативен ефект од типот „Spike“ MR/LR користи дополнителен оперативен режим на работа од типот „испали, набљудувај и ажурирај“. Имено, муницијата е поврзана со фибер – оптичка жица во вид на калем, кој по испалувањето се одмотува одржувајќи контакт помеѓу огнената позиција и муницијата.
На тој начин, во периодот по испалувањето на муницијата, му се дава можност на нишанџијата за вршење одредени ажурирања во врска со изборот на целта или пак да се направат одредени корекции, а поради настанати неправилности во процесот на нејзиното наведување кон целта. Исто така, овој режим на работа му овозможува на нишанџијата да изврши испалување на муницијата кон набљудуваната цел, која не може да се види од огнената позиција, како што се на пример целите кои се затскриени зад ритчиња и други природни пречки или пак се наоѓаат зад чадна завеса. Како и да е, оваа способност на муницијата со кумулативен ефект од типот „Spike“ MR/LR, претставува нејзина предност во однос на сите други кои не располагаат со истата.
Ефикасниот дострел на муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување FGM-148 „Javelin“ изнесува од 75 до 2000 m. Со конструирање и производство на муницијата со кумулативен ефект за „Javelin“ Block 1 е постигнато зголемување на ефикасниот дострел со оваа муниција до 4000 m.  За изведување на гаѓање со оваа муниција се користат два сосема различни режими, и тоа:директен режим на гаѓање и режим на гаѓање одозгора врз целта.
Директниот режим на гаѓање со оваа муниција се избира секогаш кога цели на гаѓање се бункери, згради или пак хеликоптери. При гаѓање цели како што се оклопните борбени возила најчесто се избира вториот режим, односно режимот на гаѓање одозгора врз целта. Како и да е, за гаѓање одозгора врз целта со муницијата со кумулативен ефект за FGM-148 „Javelin“, потребен е слободен простор во висина до 160 m. Од друга страна пак, при користење на директниот режим на гаѓање со оваа муниција, потребен е слободен простор во висина до 60 m. Задоволувањето на овој услов



е од големо значење, а особено при изведување на гаѓање во урбана средина.  Од друга страна, ефикасниот дострел на муницијата со кумулативен ефект „Spike“ MR изнесува од 200 до 2500 m. Згора на тоа, системот на противоклопно вооружување „Spike“ користи и муниција со кумулативен ефект „Spike“ LR, чиј ефикасен дострел се движи во границите од 200 до 4000 m.  Како и да е, при изведување на гаѓање со овој вид муниција, во зависност од целта, нишанџијата има можност да направи избор за користење помеѓу директен режим на гаѓање и режим на гаѓање одозгора врз целта.
Врз основа на горедадените компаративни податоци, евидентно е постоењето на бројни меѓусебни сличности и разлики во однос на главните карактеристики на муницијата со кумулативен ефект за системите на противоклопно вооружување FGM-148 „Javelin“ и „Spike“. Според тоа, и двата модела на муниција располагаат со бојни глави со тандем-кумулативни полнења. За разлика од муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување FGM-148 „Javelin“, чиј калибар изнесува 126 mm, калибарот на другата муниција изнесува 170 mm. Од друга страна, пробивната способност на првата муниција се движи повеќе од 600 mm, додека пак со другата муниција се пробиваат повеќе од 700 mm еквивалентна дебелина на хомоген челичен оклоп. Како и да е, и двата модела на муниција поседуваат извонредна пробивна способност која е доволна за уништување на современите оклопни борбени возила. Тоа се објаснува со фактот дека и со едната и со другата муниција се дејствува врз најнезаштитените места на оклопното борбено возило, користејќи притоа режим на гаѓање одозгора врз целта. Згора на тоа, со двата модела на муниција постои можност на гаѓање со користење директен режим на гаѓање, и тоа за уништување бункери, згради и слични цели. Ефикасниот дострел од 2500 m претставува мала предност



за муницијата „Spike“ MR, во однос на ефикасниот дострел од 2000 m на муницијата за FGM-148 „Javelin“. Покрај тоа, ефикасниот дострел на муницијата за „Javelin“ Block 1, кој изнесува 3000 до 4000 m, претставува соодветен одговор на ефикасниот дострел на муницијата „Spike“ LR, што изнесува до 4000 m. Од друга страна пак, минималниот ефикасен дострел на муницијата за FGM-148 „Javelin“ изнесува 75 m, додека пак минималниот ефикасен дострел за муницијата „Spike“ MR е 200 m. Секако дека во предност е оној нишанџија кој има можност да отвори оган и на оние оклопни борбени возила што се приближиле на растојание пократко од 200 m. Во секој случај, можноста за користење и на дополнителен оперативен режим на работа, од типот „испали, набљудувај и ажурирај“ при гаѓање со муницијата „Spike“ MR/LR, претставува нејзина предност во однос на муницијата за FGM-148 „Javelin“ каде што се користи само оперативниот режим на работа, од типот „испали и заборави“.
Според тоа, некои од сличностите на муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување FGM-148 „Javelin“ со онаа за систем на противоклопно вооружување „Spike“ се следните: обострана примена на концептот на бојна глава со тандем-кумулативни полнења; и едниот и другиот вид муниција користат два исти режими на гаѓање, и тоа режим на гаѓање одозгора врз целта и директен режим на гаѓање; користење на оперативниот режим на работа „испали и заборави“ кај двата вида муниција; голема веројатност на погодување на целта со едниот или со другиот вид муниција, со што се постигнува минимизирање на колатералната штета; наведувањето до целта на двата вида муниција се врши без користење активна илуминација на целта, со што се избегнува демаскирање на местото на нејзино испалување; ниското ниво на млазот со издувни гасови, што се ослободуваат при испалување на едниот или на другиот вид муниција, овозможува гаѓање од позиции со помали димензии кои потешко се откриваат; карактеристиките на лансирниот мотор на едниот и на другиот вид  муниција овозможуваат нивно испалување од внатрешноста на објекти или возила; со примена на термална технологија овозможено е гаѓање со двата вида муниција во услови на слаба видливост, при лоши временски услови или зачадување на боиштето.
Од друга страна, пак, некои од суштинските разлики на муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување „Spike“ во однос на муницијата за FGM-148 „Javelin“ се: користење дополнителен оперативен режим на работа, од типот „испукај/истрелај, набљудувај и ажурирај“ при гаѓање со муницијата „Spike“ MR/LR, за разлика од муницијата за FGM-148 „Javelin“, каде што се користи само оперативниот режим на работа, од типот „испукај и заборави“; муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување „Spike“ во однос на муницијата за FGM-148. „Javelin“ се одликува со незначителна но, сепак, поголема пробивна способност, со максималниот ефикасен дострел на муницијата со кумулативен ефект за систем на противоклопно вооружување. „Spike“ обезбедува мала предност над муницијата за FGM-148 „Javelin“, и обратно, кога станува збор за нивниот минимален ефикасен дострел.

м-р Златко Стојовски

**КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА ГЛАВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МУНИЦИЈАТА ЗА СИСТЕМ НА ПРОТИВОКЛОПНО ВООРУЖУВАЊЕ FGM-148 „JAVELIN“ И „SPIKE“**

| Карактеристики | FGM-148 Javelin/Block1 | Spike MR/LR |
|---|---|---|
| Бојна глава | Тандем-кумулативни полнења | Тандем-кумулативни полнења |
| Калибар, во mm | 126 | 170 |
| Пробивност на оклоп, во mm | Повеќе од 600 | Повеќе од 700 |
| Систем за наведување на муницијата | Наведување со помош на инфрацрвен пребарувач | Наведување со помош на инфрацрвен пребарувач – електрооптички |
| Ефикасен дострел изразен во метри | 75-2000/4000 | 200-2500/4000 |
| Режим на гаѓање | Директно или одозгора врз целта | Директно или одозгора врз целта |



# Опасноста од џихадизмот за време на COVID-19

Пандемијата COVID-19 покажа дека светот може да се затвори за многу краток временски рок поради „микроб“, што дури не е ни видлив со голо око. Имено, од 25 март 2020 година, една третина од светското население е затворено и е под строги регулативи за карантин, наметнати од владите

Одделот за домашна безбедност (Homeland Security Department) ги извести вработените во безбедносниот сектор (и службите за спроведување на законот) ширум Соединетите Американски Држави, предупредувајќи дека насилните екстремисти ќе се обидат да капитализираат од нестабилните општествени феномени предизвикани од COVID -19, за да ги нападнат САД. Притоа, иако агенциите за безбедност на САД ја нагласуваат само можноста за евентуален напад на џихадистите врз САД, моменталната про ИД пропаганда за време на пандемијата COVID-19 укажува на потенцијална закана за сите „кафири“.
Имено, на 2 март 2020 година, групата која ја поврзуваат со ИД споделува објава на платформите за социјални мрежи кои се про ИД во кои се истакнува неспособноста на„кафир“ државите да најдат добро научно решение за пандемијата COVID-19. Слична објава е дистрибуирана и на 12 март 2020 година во платформата за пораки на ИД која ја опишува пандемијата како „божја казна“ за непријателите. Во неа се нагласува дека најсилно погодените земји како што се Кина, Иран и Италија, можат да се категоризираат и како земји со атеисти, шиити и крстоносци / христијани. Затоа, тие се строго казнети од Бога.
На 19 март 2020 година, пак, едиторијалот на Наба 226, проИД списание, пишува дека џихадистите треба да профитираат од сегашната пандемиска ситуација и да извршат напади против „неверниците“. Притоа се потенцира потребата за „осамените волци“ да се мобилизираат и да го искористат социјалниот страв во „крстоносните земји“ на COVID -19. На тој начин, а и поради брзината со која се шири пандемијата COVID-19, безбедносните проблеми во еден многу краток временски период се сменија од „џихадизам“ во „биоодбрана“. Затоа, многу значајно е навреме да се земат предвид експанзијата и можната трансформација на „модус -операнди“ во џихадските активности во светот на COVID -19.

### Кое е значењето на COVID-19 во светот на џихадот

Пандемијата COVID-19 покажа дека светот може да се затвори/заклучи во

многу краток временски рок поради „микроб“, што дури не е ни видлив со голо око. Имено, од 25 март 2020 година, една третина од светското население е затворено  и е под строги регулативи за карантин, наметнати од владите. Најновиот додаток на листата за затворање е Индија, а индиската Влада, повторно е во ситуација да мора да избира помеѓу демократијата и човековите права наспроти поголема добробит за поголем број луѓе во услови на пандемиска ситуација.

Во исто време, COVID-19 го нагласува и фактот дека минималните напори, може да предизвикат максимална штета на земјите ширум планетата. Односно, главна грижа на оваа пандемија не е само човечката цена, туку треба да се земат предвид и економската загуба на целиот меѓународен политички систем. Погодените земји многу инвестираат за да ја сопрат пандемијата, а поради заклучувањето/затворањето на земјите, деловните активности престануваат.

Овој феномен прикажува дека еден едноставен микроб може да има клучно влијание врз човековиот животен стил и меѓународниот систем, односно токму она што го бараат џихадистите. Со помалку напор, тие сакаат да го постигнат максималното влијание како што сега го прикажува „вирусот“. Ова укажува на идејата дека наместо да се користат комплицирани машини и бомби, слично влијание може да се добие и со едноставен метод. А, еден таков вид на вирус или микроб може да се развие под минимален надзор и ресурси. Всушност, уште во 2018 година, MI5 предвидува дека вратените британски џихадисти од територијата на ИД  се обучени за развој на основно биооружје и имаат капацитет да направат рицин и антракс. COVID-19 укажува и дека ваков вид на вирус или микроб може лесно да се пренесе во една заедница за многу кусо време. Носителот нема да биде фатен веднаш и затоа вирусот може да се транспортира преку граница/и кои имаат помалку безбедносни мерки на претпазливост. Воедно,„ осамените волци“ ќе можат полесно да користат вирус сличен на COVID-19 а резултатите би биле смртоносни и ќе влијаат на поголема заедница со едноставна акција. Затоа, COVID-19 претставува еден вид на прирачник со иновативни идеи на џихадистите за тоа како да се добие максимум со минимални напори и ресурси.

### Импликации за владите

Во еден ваков контекст, евидентно е дека џихадистичките групи како




За време на експанзијата на COVID-19,  во 196 земји во светот, Исламската држава (ИД) објавува три клучни постови со цел да ги охрабри џихадистите ширум светот да капитализираат од пандемиската ситуација и да извршат напади против Кафирите. Ваквата пропаганда поентира дека екстремистите не треба да бидат исклучени од безбедносната равенка за време на пандемиската ситуација. Напротив, во вакви услови, голема е веројатноста тие да се проактивни, иновативни и да ја искористат експлозивната состојба за постигнување на зацртаните цели





Одделот за правда при Секторот за национална безбедност укажува дека пандемијата може да натера некои терористи да ги забрзаат индивидуалните планови за напад. Тоа значи дека новиот Корона вирус кој буквално го преобликува секој аспект на американскиот живот, исто така ги обликува и терористите кои тежнеат кон напади

што е ИД, ја сфаќаат важноста и ефективноста на пандемијата. Затворените граници на многу земји поради ширење на вирусот, ја објаснува катастрофата што може да биде предизвикана од еден „микроб“. Аналогно, поради неговите ефекти од минималната цена на компромис, терористите можат да го искористат, „војувањето со микроби“ за понатамошно постигнување на своите цели. Оттука, важно е земјите да ги прошират и да ги унапредат истражувањата за да ја разберат природата на биооружјето и дали постои можност таквата стратегија да се користи од насилни недржавни актери како што се ИСИС и Ал Каеда Од друга страна, продолжувањето со политиката на ослободувањето на странски борци од затворите во Сирија, Курдистан и во Турција, укажува на потребата за зголемување на безбеноста/сигурноста на пансионите/хотелите, како потенцијални намерни или ненамерни „носители /транспортери“ на таквите биооружја. Разузнавачките агенции треба да работат денонoќно за да ги идентификуваат џихадистите кои имаат капацитет за развој на ваков било вид на биооружје со кое би ги остварувале своите цели. Овие разузнавачки агенции треба да бидат и едуцирани за биоодбрана и војување, бидејќи COVID-19 ја демонстрира потребата за градење на ваков капацитет. Во една ваква вонредна состојба како што е COVID-19, владите треба да бидат претпазливи кога ги менуваат безбедносните приоритети. Брзото заменување на џихадизмот во комбинација со брзото раснење на тензиите, ќе создаде нерамнотежа во справувањето со „старите“ и „новите“ безбедносни проблеми. Затоа постои можност џихадизмот да „цвета во сенка“ на COVID -19 без најава, а може и да ја искористи ситуацијата за реализирање на неговите цели.

## Како вирусот COVID-19 ги обликува плановите за напаѓање на терористите

Одделот за правда при Секторот за национална безбедност укажува дека пандемијата може да натера некои терористи да ги забрзаат индивидуалните планови за напад. Тоа значи дека новиот Корона вирус кој буквално го преобликува секој аспект на американскиот живот, исто така ги обликува и терористите кои тежнеат кон напади. А, таа промена го привлекува вниманието на американските официјални претставници за национална безбедност. Службениците за спроведување на законот и разузнавачите го следат влијанието на вирусот врз потенцијалните терористички закани, односно како истиот ги забрзува плановите на некои потенцијални напаѓачи, а притоа изнаоѓа нови цели и можности.
Ова не е само хопотеза тука реалност. Имено, пред некое време ФБИ сопрел човек по име Тимоти Вилсон, кој планира да бомбардира болница во Мисури каде се лекуват пациенти со COVID -19. Според соопштението на дивизијата на ФБИ во Канзас Сити, Вилсон го планира нападот со месеци, но „решава да го забрза својот план“ и да ја нападне болницата. Според Бирото, тој е „мотивиран од расните, верските и антивладините ставови“. Кога полициските службеници ќе се обидат да го уапсат, „тој се здобива со смртоносни повреди“.
Насилните екстремисти „култивирани“ во домашни услови, се особено опасни. Џон Демерс, помошник јавен обвинител за национална безбедност при Министерството за правда, во едно интервју вели дека Одделот и ФБИ внимателно следат како вирусот ги обликува таквите планови. Тие добиваат идеи, „Како можам да се обидам да го искористамовој вирус како оружје? “„Тоа е нешто на што ФБИ и Одделот за национална безбедност се фокусираат – со помош на разузнавачки информации да ги предвидат работите и настаните пред воопшто да се случат“. Демер нагласува дека се опсервира и начинот на кој пандемијата може да влијае врз стратегиите на терористите во однос на времето и целите за поконвенционални напади. „Дали ќе забрзаат некои од нивните планови?“ „Дали ќе видат



Разузнавачките агенции треба да работат деноноќно за да ги идентификуваат џихадистите кои имаат капацитет за развој на ваков било вид на биооружје со кое би ги остварувале своите цели. Овие разузнавачки агенции треба да бидат и едуцирани за биоодбрана и војување, бидејќи COVID-19 ја демонстрира потребата за градење на ваков капацитет. Во една ваква вонредна состојба како што е COVID-19, владите треба да бидат претпазливи кога ги менуваат безбедносните приоритети

прозорци на можности? Очигледно многу јавни места се празни, но некои, како на пример болниците, се преполни. „ Дали терористите ќе ги видат овие прозорци на можности и дали ќе ги искористат? “ Меѓународното патување не е возможно во услови кога Соединетите Држави ги затвораат своите граници кон низа држави, а авиокомпаниите ги намалуваат плановите на џихадистите за летање. Податоците на администрација за безбедност на транспортот (ТСА) покажуваат дека безбедосно имат проверено само една десетина патници во во однос на бројката од пред една година. Демерс вели „Сѐ уште има случаи на луѓе кои сакаат да патуваат во други земји и да се вклучат во терористички активности“. Прашањата се: „Како ситуацијава влијае на овие планови за патувања? Дали ги забрзува или ги спречува луѓето да патуваат во услови кога летовите се откажуваат? “

Според Демерс, ова не се само теоретски прашањата. Тој посочува дека властите веќе забележуваат како терористите го менуваат своето однесување, бидејќи вирусот ги менува и начините на транспорт. „На истиот начин, како што тоа влијае врз нашите животи, влијае и на дел од планирањето, како луѓето го прават тоа и на начинот на кој размислуваат“. „Понекогаш тоа се контрадикторни начини: Некои луѓе ги одложуваат плановите, а други велат: Па, морам да го забрзам ова, затоа што можеби сите граници ќе бидат наскоро затворени“. Министерството за правда неодамна обвини пакистански лекар за обид да му помогне на ИСИС. Лекарот, кој привремено работи во САД, првично планирал да стигне во Сирија со лет преку Аман, Јордан. Но, според соопштението за печатот на Одделот за правда (DOJ), неговите планови се менуваат кога Јордан ги затвора своите граници поради пандемијата. Следната одлука е да лета за Лос Анџелес, а оттаму за Сирија со карго-брод. Тој е уапсен на 19 март,2020 година на Меѓународниот аеродром во Минеаполис.

Демерс вели дека вирусот може на терористите да им понуди нови начини за напад. „Постои загриженост дека луѓето би може да се обидат да ја искористат својата болест како оружје, обидувајќи се да заразат други луѓе“. Џошуа Гелцер (Joshua Geltzer), експерт за тероризам, вработен во Секторот за национална безбедност, се согласува дека вирусот може да предизвика закани на нови начини. Според него, социјалното растојание може да го зголеми ризикот од радикализација „култивирана“ во домашни услови, бидејќи изолираните луѓе со многу слободно време се лесна цел за дезинформирање. Во однос на „идејата дека тоа може да доведе до особено штетни интерпретации на настаните и да предизвика екстремен одговор, дури и насилно дејствување“, вели дека „заканата се зголемува со оглед на социјалната изолација што ние како земја разбирливо ја прифаќаме“.



„ Чувствувам како изминатиот месец и овој вирус зафати опасна информативна околина и навистина гласно укажа колку е смртоносен и колку директно може да биде смртоносен“.

м-р Билјана Поповска

*(Адаптирано од Sinduja Umandi Wickramasinghe, аналитичар за разузнавање и визитинг-предавач во Меѓународниот институт за дипломатска обука во Бандаранаике во Шри Ланка. https://www.eurasiareview.com/26032020-why-the-world-should-not-forget-threat-of-jihadism-amidst-covid-19-analysis/, и https://www.politico.com/news/2020/03/27/coronavirus-terrorism-justice-department-150870 )*



# Коронарен свет

Орканот наречен „Корона“ бавно се повлекува, но сепак се повлекува и, како и ова силно ветриште, зад себе остава урнатини во сите сфери на човековото битисување. Според ловци на релевантните факти и бизарности, сврзани со глобални настани, КОВИД 19 е на трето место по медиумскиот одглас, веднаш зад Библијата и Вилијам Шекспир. Ако се има предвид дека Библијата трае два милениума, а Шекспир „само“ пет века, лесно може да се заклучи дека злогласниот вирус од Вухан, фантастичното третото место го стекнал за неполни три месеци

Глобалната распространетост, немоќта на современата медицина да се справи и стравот се елементи врз кои се базира медиумската „популарност“ на чумата на 21 век. Овие факти се резултат на логична последица на мал милион нешта што во светот се случија и допрва ќе се случуваат. Но, да видиме што е тоа што, освен смртта и стравот, Короната ѝ го донесе на „Сината“ планета и на нејзините поданици. Пред сѐ, спомнатиот вирус на Земјината топка ѝ подари „мал одмор“, потсетувајќи нѐ дека забревтаното трчање по пари, моќ и слава не се ништо во споредба со спокојот, во кругот на семејството, враќање кон малите нешта и загрозената природа. Имено, од светските опсерватории кои го набљудуваат пулсот на небото и земјата, по три недели од појавувањето на вирусот, беа обелоденети сознанија дека „земјата се смирува до фантастични размери, озонската дупка ја снемува, небото станува просирно, а животните масовно се враќаат во просторите кои до пред три децении им беа природно свратилиште, узурпирано од човекот“.

## Враќање в село

Редоследот на она што во светот се случи за не цели три месеци, а што е централна тема на текстов, не е според градиран редослед, карактеристичен за емпириски набројувања, така што првиот пример може да биде последен и обратно. Се случи враќање во село, да не речам во провинцијата, која модерното доба ја испразни и буквално ја опустоши. Бегајќи пред смртоносниот вирус, уки и неуки, богати и сиромашни, славни и непознати, преку ноќ тргнаа кон сопствените родни огништа или домовите на своите родители. Оние кои немаат привилегија да имаат некого или нешто на село, спасот го побараа во изнајмени вили и викендички, манастирски конаци, планинарски домови... Експресната миграција од град кон село се случуваше едновремено во сите европски земји, а драматични случки беа забележани во Италија, во Франција и во Шпанија, не само поради тоа што Короната таму удри со огнен меч, туку што властите во спомнатите земји експресно ги блокираа излезните улици и патишта. Таму каде што не помагаа полициските и воените патроли, успеаја наплатни

рампи, воени хеликоптери, па дури и дронови. Во таа војна на патот од град кон село се замеша и Господ, така што во денот на неговото воскреснување беше забележен најмасовен бран на „Корона бегалци“, се разбира, во земјите со рисјанска вероисповед. Во земјите со „смртни богови“, какви што се Кина, Русија, Турција, Кореја... тој бран на смрт исплашени бегалци беше и сè уште е сопрен со сила на драконски казни и вонредни состојби. Како и да е, оние што избегаа од климатизираните офиси и компјутеризираната живејачка, наеднаш открија дека кромидот и житото не растат на дрво, дека козата има рогови, а има и птица што пее кукајќи. Како во Македонија, така и Франција... И така, запуштените куќи, во коров зараснати патишта и ниви, затрупани бунари, станаа рајски нешта, амбиент од кое бегаше и ќоро и сакато. Во напред спомнатите, но и во неспомнатите земји, притиснати со КОВИД 19, преку ноќ скокна цената на селските чатмари и колиби, а падна цената на станбен простор во урбаните метрополи...



## Нејзиното величество – негувателка

А, дека животното тркало се врти и понекогаш се свртува кон потценети и слабо платените професии, потврди и Короната. Медицинските сестри, негувателки, курири, разнесувачи на стоки, поштари, продавачки, ѓубреџии, комунални работници... станаа планетарни херои, оние без кои светот навистина ќе застанеше. Освен што таквите со години работеа на определено време, со договор, без социјална и здравствена заштита и за мизерни плати, преку ноќ добија решенија за стално вработување, пристојни плати и третман каков што заслужуваат, а им беше оневозможен. Се случи неверојатен пресврт, така што моќта од рацете на директори и бизнисмени помина во рацете на, до вчера, обесправени работници од спомнатите професии. А на нив наеднаш се сетија бирократско-технократски здруженија, па дури и ЕУ, барајќи универзални решенија за траен третман на професии без кои нема успешно надминување на катаклизмични состојби, какви што се и вирусните пандемии. За ова најдобро сведочи Германија, која, сакајќи да го заштити здравствениот систем, која ги затвори очите пред работно ангажирање на мигрантите, медицинските стручњаци, дозволувајќи тие да се вработуваат надвор од пропишаната „германска“ процедура. Лекарската комора на Саксонија упати повик до сите медицинари да се пријават за да бидат ангажирани во здравствените институции. Според портпаролот на Комората, „ангажирање на дополнителен медицински персонал, значи растеретување во згрижување на заболените од КОВИД 19. Слични иницијативи се реализирани во Италија, во Шпанија и во Шведска, со напомена дека сите медицински стручњаци, ангажирани во одбрана од Короната, ќе имаат предност во обезбедување на работната дозвола. Според студијата на Институтот на германското стопанство, објавена во април, бројот на здравствени работници, лекари, медицински сестри и негувателки, од почетокот на 2014 до 219 година, се искачил на 121.000, што изнесува 3,4 проценти на вработените во здравствените установи во Германија. Така, медицинските стручњаци, кои со години, во таа иста Германија работеа по ресторани и на места кои немаат никаква врска со нивната професија, преку ноќ станаа угледни, добро платени членови на општеството во кое, до вчера, беа на неговите маргини.

## Крах на „американскиот сон“

Од друга страна, во сферата на таканаречени профитабилни професии, Короната направи вистинска пустош. Без дополнителни објаснувања, без работа останаа милиони „канцелариски глувци“, интернет-мајстори, надри експерти и аналитичари за садење тикви и продавање магла. На удар се најдоа и сезонските работници, мигранти од Азија, од Африка и од Балканот, главно вработени на големите приватни земјоделски поседи во Италија, во Франција и во Шпанија. Со изговор дека е криза, работодавачите им ја преполовија заработката, а го продолжија работното време. Против таквата злоупотреба на мигранти се огласи и римскиот папа, барајќи да се почитува „правото и достоинство на работниците во секторот земјоделие“. По неговата реакција, италијанските власти уапсија неколку десетици



земјопоседници и нивните извршители на теренот. Сепак, Короната драматично и поразувачки се одрази врз пазарот на работната слила во САД каде, за нецели два месеци без работа останаа 36,5 милиони луѓе. Според официјалните податоци на Министерството за труд, во САД, во март месец, без работа останале 20 милиони лица, што невработеноста ја искачи на 14, 7 проценти. Она што е уште позагрижувачко, Заводот за статистика на САД предвидува затворање на уште неколку милиони работни места, а инвестициската „Голдман сакс" банка објавува дека невработеноста може да ја надмине границата од 25 проценти. Проблемот станува уште подраматичен ако се спомне податокот дека над 30 милиони американски граѓани побарале социјална помош.

И другите земји во светот, посебно европските економски сили, уште не излегуваат со статистички податоци, но прогнозите на владините институции веќе навестуваат катастрофален пораст на невработеноста на работно способно население. Италијанскиот експерт за социјална проблематика Уго Ѓентилини прогнозира дека над 622 милиони луѓе се социјално загрозени и дека и толкав број треба да добива парична помош од фондовите на Светската банка.



## Коронарни (не)избори

Колку и да звучи апсурдно, непобитна е вистина дека Короната стана планетарен изговор за политички манипулации и измами, речиси ултимативен инструмент за задржување или за зацврстување на власта, од Токио до Ванкувер. За прв пат во историјата на човековата цивилизација еден микроскопски вирус стана аргумент за непречено, поточно неказнето кршење на устави и закони, на воведување на забрани и глоби и во општества кои уште во минатиот век беа прогласени за „врв на цивилизациска демократија". Меѓународните асоцијации и здруженија, задолжени за одбрана на човековите права и слободи, секојдневно излегуваат со соопштенија во кои укажуваат на враќање во средниот век. На подолгиот список со земји и имиња на нивните лидери, се наоѓаат унгарскиот премиер Виктор Орбан, претседателите на Русија и Турција, Владимир Путин и Таип Ердоган... На тој список се и балканските државички: Хрватска, Србија, Македонија, Црна Гора, Бугарија и Албанија, во кои деновиве кулминира битката за и против редовни парламентарни избори. Актуелната власт во споменатите држави, повикувајќи се на пандемијата, веќе ги откажаа закажаните парламентарни избори, а опозицијата тврди дека со тоа се кршат Уставот и сите важечки закони, сврзани со изборниот процес. Најавената еднократна парична помош, пакети со основни прехранбени продукти наменети за социјално згрозените, кои се делат по партиски линии, работно ангажирање на определено време... и други предизборни трикови, не се ништо друго туку подготвување терен за дополнително привлекување на избирачкото тело. Појавата не е нова, но секогаш за изговор има флоскула „ справување со вирусот" и „целосната заштита на населението". Наспроти властите е разединетата опозиција, која пак, со овие исти аргументи, во некои земји бара одложување на изборите, а во други, нивно што поскоро одржување. Интересно е што поплаки на однесувањето на актуелни власти во Корона кризата има и во земји со висок степен на развиена политичка култура.

## „Короната" и криминалците – „рака под рака"

И како во секоја глобална криза, така и во ова пандемиска, најбрзо приспособување бележат белосветските криминалци, пред сè оние од таканаречената сајбер-сфера. Користејќи го планетарниот страв, хакерите профитираат ширејќи лажни вести. Имено, објавувајќи лажни вести, како што е онаа дека се нуди сигурен лек против Короната, лесно доаѓаат до податоци на поединци, но и на државни институции, пред сè оние од областа на финансиите. Привлекувајќи ги корисниците на интернет и социјалните мрежи, собираат информации, со чија помош влегуваат во нивните сметки и



со еден клик ги ограбуваат. Според стручњаците за сајбер-криминал, криминалците на заинтересираните компании па и земји, нудат заштитна опрема, која инаку недостасува, секаде освен во Кина, и притоа бараат делот од порачаната пратка веднаш да се плати пола, а другата половина кога „опремата“ ќе биде испорачана. Уште на почетокот од прогласувањето на пандемијата, извршната директорка на ЕУРОПОЛ, Катарина де Бул, предупреди и повика на здружување против сајбер-криминалците, но како што се покажа, нејзиниот апел не влијаеше на намалување на криминалните потфати ширум светот. Токму ден пред тоа „заинтересиран купувач од една европска земја на компанија во Сингапур има извршено уплата од 6,6 милиони евра за купување алкохолен гел и заштитни маски, кои до денес не се испорачани. На ист начин, од 3 до 10 март ЕУРОПОЛ запленил 34.000 лажни хируршки маски и повеќе илјади пакувања на таблети за „сигурно“ лекување од вирусот КОВИД 19.

Ако во споменатите случки има „криминална логика“ во апсурдната појава во САД, каде плуканица стана оружје, нема ни логика ниту здрав разум. Имено, одредени болни умови, а згора и криминалци влегуваат во маркети, ги плукаат вработените, посебно оние зад касите, потоа им кажуваат дека се заразени со вирусот, и теренот за ограбување е подготвен. Плукнатите работници се даваат во панично бегство а криминалецот во собирање пари и вредна стока која ја товарат во камионети и бегаат во подготвените засолништа. Во Њу Џерси, кој е епицентар на вирусот КОВИД 19 забележан е напад со плунка врз полициска патрола, па тоа и беше повод сенаторката Кристина Корадо да предложи напаѓачите да бидат казнети со десет години затвор и парична глоба од 150 илјади долари.

## Дивечот ќе здивне

Старата поговорка, дека секое зло носи и добро, практично е потврдена и во актуелната пандемија на



Корона вирусот. Освен што доведе до промена на некои релации во меѓучовечките односи и однесувања, пандемијата, за прв пат во историјата, ќе го промени човековиот однос кон дивите животни. Имено, во светот веќе се покренати иницијативи за глобална заштита на дивечот. Деновиве е одлучено, во септември, во Пекинг, да се одржи меѓународен состанок на тема „Заштита на природните и на биолошките ресурси“. По тој повод веќе е подготвен извештај за глобалните состојби во животинскиот свет. Во него се спомнува дека се загрозени над милион животински видови, а најголем процент се однесува на земјите во азискиот континент. Во Кина, која е обвинета за „пласирање“ на КОВИД-19, веќе се води медиумска кампања за заштита на дивечот од чие месо и останатите делови се подготвуваат пикантните јадења и на кои се заснова прочуената кинеска кујна. Според Деби Бенкс од лондонската Агенција за истражување на животната средина, токму во Кина, пред истребување се неколку илјади ретки животински видови, а најмногу птици.




*Веќе е познато дека на ударот на „Короната“ најмногу се најдоа возрасни луѓе, пред сè поради природната состојба и нивниот организам. Повикувајќи се на нехуманата „оврска“, пред сè, да се заштити здравјето на младата популација, возрасните, во многуте западни земји беа и се оставени во рацете на Господ. Токму заради тоа, најголем процент на починати од вирусот Корона се луѓе над седумдесет години. Таа нехумана постапка беше повод за апел на познатите светски личности да го кренат гласот и да побараат да нема делење на стари и на млади, кога на планетава ќе се случи вирусна или каква било друга несреќа. „Нехумано е и не смее да се дозволи, генерациите кои ги соборуваа диктатурите и кои го изградија новиот свет, да бидат препуштени на милост и на немилост на смртоносниот вирус“, се наведува во Манифестот што пред извесно време го сочинија и го потпишаа угледни личности во Европа. Меѓу нив се и познатите хуманисти: германскиот филозоф Јирген Хабермас, бившиот претседател на Европската комисија Романо Проди, нобеловецот Џефри Сакс, бившиот претседател на Европскиот парламент Ханс Георг Петеринг, некогашната директорка на УНЕСКО, Ирина Бокова, бившиот претседател на Шпанија, Фелипе Гонзалес, надбискупот на Болоња, Матео Зупи, директорот на полскиот весник „Газета виборча“, Адам Михањик.*

Миле Раденковиќ

# „Операција финале“



Што е правдата? Кога таа недостасува, дали светот и животот се надвор од рамнотежа и дали достигнувањето на правдата го затвора кругот? Дали кога сите страни губат подеднакво, правдата е задоволена? Во историјата на воените настани, 1945 година ќе остане запаметена не само по крајот на Втората светска војна, туку и по почетокот на таканареченото „најголемото судење во историјата“ во кое 24 високи нацистички чиновници се обвинети за геноцид врз еврејскиот народ и за злосторства против човештвото. Ова судење, непосредно по војната, кое треба да донесе некаква правда за милиони мртви, се случува во Нирнберг пред интернационален суд. Но, меѓу 24-мината обвинети, недостасува едно важно име од целата смртоносна машинерија која работела на горивото на антисемитизмот - таткото, творецот на целиот план за уништување на Евреите, Адолф Ајхман. Тој исчезнува веднаш по завршувањето на војната и неговата трага целосно се губи, сè додека во 1960 година, до израелската разузнавачка служба „Мосад“ стигне информација дека овој човек живее безгрижно и спокојно на другиот крај на светот, во Аргентина, со своето семејство. Така започнува операцијата која не смее да заврши без успех, операцијата која треба да донесе мир на сите преживеани Евреи, но и да ги успокои мртвите - позната под името „Операција финале“.

### „Ловот“ на злосторникот

„Операција финале“ е филм од продукцијата на „Нетфликс“, филм кој се фокусира токму на тајниот план и изведувањето на апсењето на Адолф Ајхман во Аргентина и неговото пренесување во Израел за да одговара пред суд за злосторствата кои ги направил. Базиран е врз мемоарите на Питер Малкин, еден од главните агенти од врвот на Мосад кои учествувале во оваа деликатна мисија, спроведена со одобрување на израелската влада. Двочасовната историска драма ни ги прикажува подготовките, планирањето, напорите и ризиците да се изнесе злосторникот од земјата, особено затоа што зад него стои силно нацистичко лоби во Аргентина, пребегано од Германија непосредно по војната, како и аргентинската влада за која овој човек е хуманитарецот Рикардо Клемент, лажниот идентитет под кој Ајхман се крие веќе цела деценија во јужноамериканската држава. Неговата локација е разоткриена од преживеани Евреи од Холокаустот посветени на „ловење“ на избеганите Наци-злосторници низ светот, а со помош на девојката на синот на Адолф Ајхман - Клаус, младата Силвија која и самата има еврејско потекло, а кај која се будат сомнежи за семејството на нејзиното момче. Кога информацијата, иако непотврдена и без можност да се



провери со сигурност, стигнува до Израел, многу закопани емоции еруптираат и потребата овој човек да биде ставен пред лицето на правдата станува приоритет. Знаејќи дека Аргентина не е соработлива при екстадиција на Наци-злосторници, мал тим од Мосад се екипира да ја заврши работата сам и тајно. Но, најпрво, треба да постои потврда дека човекот за кого мислат дека е Ајхман е навистина тој, бидејќи ова не е прва дојава за локацијата на истиот човек. Неколку години претходно, во Австрија, друг човек е егзекутиран под сомнеж дека е творецот на „Конечното решение“.

## Уривање на мостовите

Апсењето, или поточно кажано, киднапирањето на Ајхман пред неговиот дом се чини најлесниот дел од „Операција Финале“. Вистинската напнатост започнува во криењето на злосторникот во безбедна куќа во градот додека сите го бараат исчезнатиот Рикардо Клемент и логистиката за неговото изнесување од земјата, повторно, под уште еден лажен идентитет и под седативи. Во куќата, всушност, најтешката задача треба да биде завршена - Ајхман да потпише документ со кој се согласува да биде изведен пред израелски суд. Одбивајќи да го направи тоа, започнува тешка манипулативна игра помеѓу станарите на куќата, агентот кој со мачење сака да изнуди потпис, Нацистот кој одбива да биде суден од еврејски суд и Питер Малкин кој верува дека единствениот начин да се постигне целта и да го види потписот ставен на хартија е да ја добијат довербата на злосторникот. Така, помеѓу Ајхман и Малкин, се развива еден емотивен однос во кој се преплетуваат (не)довербата, омразата, сочувството, искреноста… Злосторник соочен со братот на една од неговите жртви… И двајцата во потрага по човечноста во себе, едниот да ја прифати казната, другиот да го надвладее внатрешното чувство на гнев. Градењето на меѓусебниот однос во четирите ѕида на собата во која го кријат Ајхман неизбежно задира во личните приказни на двајцата противници - едниот кој настојува да се прикаже како инструмент на режимот несвесен за последиците од неговите постапки, а другиот во обид да ја прикаже неправдата, преку приказната за неговата сестра Фрума.



## Преку правда до мир

Улогата на Адолф Ајхман ја толкува маестралниот Бен Кингсли, портретирајќи го како карактер со голема доза на емотивна манипулативност, смиреност и ладнокрвност и интелигенција. Наспроти него е агентот Питер Малкин, кој е обземен од вината за загинувањето на неговата сестра и живее со товарот на идејата дека задоволување на некаква правда ќе донесе мир на мртвите, но и на неа, а тој ќе си исполни некое ветување дека нејзината смрт нема да е заборавена. Токму ова е неговата шанса, па целата операција за него добива личен тон, впрочем како и за сите инволвирани, бидејќи речиси и нема некој од агентите кој не загубил близок во логорите на смртта, некои и цела фамилија. Силвија, пак, девојката на Клаус, Еврејка чија судбина се вкрстува со синот за злогласен Нацист, се одликува со чистота и невиност, некадарна да го разбере отровот на одмаздата. За неа, сето ова е соочување со реалноста каде не секогаш љубовта се издигнува над сè. Дури и кога знае кој е Клаус, кај неа има доза на грижа и љубов кои се повлечени од бранот на стравот кога со свои очи ќе го види злото на Нацизмот при една нивна средба во Буенос Аирес. Хана, од друга страна, докторката чија улога во целата операција е да го онеспособи Адолф Ајхман со седативи е жена која сака минатото да го остави зад себе, затоа што за неа само тоа е начин да се продолжи со животот. Причината зашто Ајхман успева да избега по војната е затоа што за неговата вистинска улога во Холокаустот се дознава подоцна, односно, за време на судењата во Нирнберг. „Операцијата финале“ има голема сличност со името на злогласениот ајхманов план за депортација и уништување на Евреите познато во историјата како „Финално решение“. Но, дали неговата осуда и смрт е доволна правда за сите направени злосторства? Дали неговиот живот се става на вага со животите на дури 6 милиони Евреи? И, дали неговата смрт ќе донесе навистина мир на семејствата на жртвите, кога знаеме дека загинатите нема да се вратат по никоја цена? Не постои утеха која може да ги успокои семејствата на оние чии вечни почивалишта се наоѓаат во концентрационите логори кои Адолф Ајхман ги скроил во неговиот план но, судењето е совршен инструмент којшто може да фрли светло на сведоштвата на стотици преживеани и да презентира, за првпат, архивски фотографии и снимки од ужасот кој ќе допре низ целиот свет и ќе ја покаже вистината.

Елена Ѓоргиевска





# Селото Беловиште –
## рај за очите, мир за душата

Беловиште е прекрасно живописно село. Ова село е оддалечено од Тетово 21 километар. До селото се стигнува по патот што води до граничниот премин Јажинце. Сместено е на надморска височина од околу 900 метри, и поради тоа има идеална клима.
Името на селото Беловиште потекнува од беложолтеникавата боја на глината која се наоѓа на една падина над селото. Над селото се наоѓа и месноста Градиште, со остатоци од ѕидини за кои се смета дека се од римско време. Во селото има и црквичка во која тече вода лековита за очи, манастир, водопади, ресторани, базени за капење и прекрасна природа со чист воздух, во која можете да уживате и да го слушате жуборкањето на реката и пеењето на птиците.Селото Беловиште е привлечно за туристите заради водопадите на Беловишка Река, месноста Петочко Водиче, во која се наоѓаат угостителски објекти, базените, црквите „Света Петка“, „Свети Јован Крстител“ итн. Беловишка Река извира од под врвот Пирибег на Шар Планина. Реката е чиста и жителите на Беловиште ја пијат без прочистување.
Најмалиот од трите водопади, познат под името Враживир, се наоѓа во месноста Петочко Водиче. До останатите два водопади (Горна и Долна Цкала) се стигнува по неколкучасовно пешачење по обележана планинарска патека. Овие водопади се едни од највисоките во Македонија, по Битушките водопади (околу 50 метри) и водопадот на Длабока Река (над 130 метри). Месноста Петочко Водиче името го добила по лековитиот извор, кој се наоѓа таму, а е прогласен и за најчист во Македонија. Таму има поставено клупи за излет. Има и места за подготвување скара каде што можете самите да го приготвите својот оброк и да уживате во убавините. После тоа ќе бидете свежи, одморени и полни со енергија.

Кристина Илиевска









